РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 02-465/3
27.08. 20 25 год.
ВЕЛЕС

Врз основа на член 89-а став 1, алинеја 11 од Законот за средно образование и Законот за именување и дополнување на Законот за средно образование (Сл. Весник на РМ бр. 44/95 - 64/2018), и (Сл.Весник на Р.С.М бр. 229/2020 и 269/2023), а во согласност со чл. 177, став 1, алинеја 2 од Статутот на ОСУ„Јовче Тесличков" Велес, Училишниот одбор при ОСУ„Јовче Тесличков" Велес на одржаната седница на ден 27.08.2025 година донесе:

# О Д Л У К А

за усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година

1.Училишниот одбор на ОСУ„Јовче Тесличков" - Велес донесе Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година и истиот го предлага до Советот на Општина Велес на негово усвојување.

2.Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Училишниот одбор на ОСУ„Јовче Тесличков" - Велес на седницата одржана на 27.08.2025 година го разгледа Извештајот за работата на училиштето за учебната 2024/2025 година, едногласно донесе Одлука за негово усвојување и истиот го предлага до Советот на Општина Велес на негово усвојување.

Доставено до:
- архивата
- членови на УО

Претседател на УО

Антонио Пановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
"ЈОВЧЕ ТЕСЛИЧКОВ"
Бр. 01-475/1
25.08. 2025 год.
ВЕЛЕС

# Општинско средно училиште

# „Јовче Тесличков" - Велес

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на училиштето

во учебната 2024/2025 година

Велес, август 2025

**Годишниот извештај го изработија:**

**Педагог: Билјана Коцабашиева**

**Наставници: Марија Панчевска**

**Македонка Миланова**

**Наташа Михова**

# СОДРЖИНА


**I Воведен дел ..........5**

**1. Организација на животот и работата во училиштето ..........5**

1.1 Стручно – педагошка екипираност на училиштето со кадарот ..........7

1.2 Планирање и програмирање на наставата .......... 8

1.3 Превземени активности во текот на годината за подобрување на условите за работа ..........9

1.4 Преглед на ученици и паралелки на крај од учебната 2024/2025 ..........10

1.5 Наставен кадар ..........11

1.6 Преглед на стручен кадар ..........11

1.7 Раководен кадар ..........12

1.8 Останати вработени..........12

**2. Настава - видови настава ..........13**

2.1 Реализација на воспитно – образовната работа во училиштето ..........13

2.2 Од реализацијата на наставните планови и програми ..........16

2.3 Анализа на работата на стручните активи и наставничкиот совет..........17

2.3.1 Наставнички совет ..........17

2.4 Од примената на наставни техники на учење и поучување ..........18

2.5 Од примената на наставната технологија во наставата ..........18

2.6 Табеларен преглед на бројот на планирани и реализирани наставни часови по предмети ..........20

2.6.1 - Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во прва година..........20

2.6.2 - Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во втора година ....21
2.6.3 - Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во трета година ....23
2.6.4 - Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во четврта година ....25
2.7 Анализа на успехот и редовноста на учениците за учебната 2024/2025 ....26
2.8 Методи и техники на оценување и вреднување на учениците ....33
2.9 Согледување за реализација на додатна, дополнителна настава и вонннаставни активности ....34
2.10 Учество на организирани манифестации и настани организирани од страна на училиштето ....35
2.10.1 Учество во проекти во тековната година ....44
**II Мисија ....45**
**III Визија ....47**
**IV Подрачја на промени и приоритети ....48**
**V Развојни цели ....49**
**VI Реализација на задачите и активностите во училиштето ....55**
**VII План за евалуација ....59**
**Прилози на извештајот ....61**

# I . ВОВЕДЕН ДЕЛ

**Име на училиштето: Општинското средно училиште „Јовче Тесличков“**

**Адреса на училиштето: Кукушка бр.37- Велес**

**Тел: +389 43 212 098, e-mail:usojtv@yahoo.com**

**Веб-страна: https://jovceteslickov.edu.mk/**

## 1. Организација на животот и работата во училиштето

Учебната 2024/2025 година заврши со успешна реализација на наставата и активностите предвидени во Годишната програма за работа на училиштето. Воспитно образовната дејност, училиштето ја реализираше согласно Законот за средно образование, Законот за средно стручно образование, Годишната програма за работа на училиштето, Планот за развој на училиштето и Статутот на училиштето.

Успешното работење на општинското средно училиште „Јовче Тесличков“, како јавно средно стручно училиште веќе 65 години се должи на јасната мисија и визија. Посебен акцент се става на организацијата и планирањето на животот и работата во училиштето во текот на целата учебна година.

Согласно Законот, средното образование е бесплатно за сите ученици, а наставата во училиштето се реализираше на македонски јазик и кирилско писмо по однапред утврден распоред на часови по задолжителни и изборни предмети, содржини програмирани од училиштето, како и дополнителна и додатна настава. За втор пат оваа учебна година се формираше паралелка во прва година на албански наставен јазик во квалификацијата економски техничар. Наставниот процес во текот на целата година се реализираше согласно наставните планови и програми кои ги изготвуваат Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука .

Согласно Календарот за организација на учебната 2024/2025 година во јавните средни училишта, наставната година започна на 02 септември 2024 година. Првото полугодие заврши на 31 декември 2024 година, по што учениците заминаа на зимски распуст од 01 јануари 2025 година заклучно со 17 јануари 2025 година. Наставата за второто полугодие започна на 20 јануари 2025 година. Крајот на наставната година за учениците од завршните паралелки беше 16 мај 2025 ,а за останатите ученици 10 јуни 2025 година.

Учениците од ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес наставата ја следеа во една смена, од 7:15 часот до 14:00 часот. Училишниот час траеше 45 минути, со пауза за одмор од 5 минути односно 20 минути пауза за голем одмор помеѓу вториот и третиот час.

Учебната 2024/2025 година започна со вкупно 201 ученик, распределени од прва до четврта година. Согласно конкурсот на Министерството за образование и наука за упис на ученици во прва година, во редовна настава беа запишани 63 ученици. Во останатите генерации, наставата ја продолжија 60 ученици во втора година, 58 ученици во трета година и 20 ученици во четврта година.

Како и секоја година, на почетокот на учебната година беа организирани родителски средби за учениците од прва година. На овие средби, класните раководители ги информираа родителите за: обврските на учениците во однос на наставниот процес, кодексот на однесување во училиштето, правилата за однесување кон училишниот имот, користење на бесплатните учебници и електронскиот дневник, можностите за советување на родителите. Родителски средби беа одржани и за повисоките генерации, со цел продолжување и зајакнување на соработката меѓу училиштето и родителите. Пред почетокот на наставата, наставниците ги поднесоа своите годишни и тематски планирања до директорот и стручната служба. Според извршениот увид, наставните програми се реализирани во целост по сите наставни предмети. Наставата се одвиваше непречено, со физичко присуство на учениците и наставниците. Наставниот кадар активно користеше нагледни средства и дидактички помагала, а соработката со стручната служба и директорот беше постојана и ефикасна. Во наставниот процес се применуваа современи методско-дидактички форми на настава, како што се: истражувачки активности, дебати и дискусии, анализа и анкетирање, посета на институции, размена на идеи и практични задачи. Преку наставните и вонначставните активности, учениците ги развиваа своите интелектуални и личносни способности, надградувајќи ги своите знаења и вештини и се оформуваа како зрели млади личности. Во текот на целата година, постоеше континуирана соработка со родителите, особено за учениците со педагошки мерки и намален успех. Родителите беа во редовна комуникација со педагошко–психолошката служба, класните раководители и директорот на училиштето. За редот и дисциплината во училиштето не беше ангажирана служба за физичко обезбедување, поради недостаток на интерес од страна на родителите и учениците, што покажува високо ниво на самодисциплина и доверба во воспитно-образовниот процес.

На крајот од учебната 2024/2025 година вкупниот број на ученици во училиштето од прва до четврта година изнесува 193 ученици кои се распоредени во 12 паралелки во следниве квалификации (единечни и комбинирани паралелки): Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг, Економски техничар / Правен техничар, Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг / Бизнис администратор, Економски техничар / Бизнис администратор, Економски техничар, Економски техничар (албански наставен јазик), Продавач - референт за продажни услуги и Продавач – референт за продажни услуги /Асистент деловен администратор.

Соогласно Правилникот за наградување и пофалување на ученици во ОСУ „Јовче Тесличков“, за учебната 2024/2025, Комисијата за избор на ученик на генерација и ученик на училиште ги предложи, а Наставничкиот совет одржан на 20.06.20245година, едногласно ги прогласи:

- за ученик на генерација во прва година – **Меланија Андова 1-а паралелка.**
- за ученик на генерација во втора година –**Леонид Велинов 2-а паралелка.**
- за ученик на генерација во трета година – **Марија Бошевска 3-а паралелка.**
- за ученик на генерација во четврта година – **Сара Велјаноска 4-а паралелка.**
- за ученик на ниво на училиште – **Марија Ивановска 3-а паралелка.**

Во текот на учебната година во училиштето беа вршени инспекциски надзори од страна на:

- државниот просветен инспектор Гордан Стојчевски;
- општински овластен просветен инспектор д-р Македонка Виларова;
- санитарна инспекција;

- трудова инспекција;
- Центар за управување со кризи;
- Дирекција за заштита и спасување;
- претставници од Министерство за образование и наука.

## 1.1 Стручно-педагошка екипираност на училиштето со кадарот

Во ОСУ „Јовче Тесличков“ воспитно-образовниот процес го изведуваат наставници согласно нормативот предвиден во наставните планови. Истите работат според Законот за средното образование, Статутот на училиштето, Бирото за развој на образование и Центарот за стручно образование и обука. За реализација на основната дејност, образование и воспитание на ученици, обезбеден е наставен кадар по сите наставни предмети согласно систематизацијата на работни места. За остварување на предвидените цели и зацртаните задачи на севкупната дејност на училиштето, беа ангажирани следните структури:

| Реден број | Работно место | М | Ж | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Директор | 1 | / | 1 |
| 2. | Психолог | / | 1 | 1 |
| 3. | Педагог | / | 1 | 1 |
| 4. | Наставник | 10 | 17 | 27 |
| 5. | Советник за општи и нормативно-правни работи (секретар) | 1 | / | 1 |
| 6. | Хигеничар | / | 3 | 3 |
| 7. | Хаусмајстор | 1 | / | 1 |
| 8. | Ноќен чувар | 1 | / | 1 |
| **Вкупен број на вработени** | | **14** | **22** | **36** |

## 1.2 Планирање и програмирање на наставата

За успешна имплементација на наставните планови и програми, од клучно значење е систематско и квалитетно планирање на наставниот процес. На почетокот на учебната година, во согласност со методско-педагошките стандарди, сите наставници изработија **глобални годишни планирања** за наставните предмети што ги изведуваат. Истите беа доставени на увид кај стручната служба и директорот на училиштето.

Во текот на учебната година, наставниците изготвуваа **тематски планирања и планирања на модуларни единици**, најдоцна една недела пред почетокот на реализацијата на содржините, согласно наставните планови и програми. И овие планирања беа редовно доставувани на проверка и увид кај стручната служба и директорот.

Особено значајна компонента во процесот на планирање претставуваше изработката на **планирања на наставен час**, кои произлегуваат од тематските планирања и се задолжителни за секој наставен час. Овие планови овозможуваат систематизирана и кохерентна реализација на наставните содржини.

Целокупниот процес на организирање и реализирање на наставата се одвиваше преку **интегрирана и континуирана соработка помеѓу директорот, стручната служба, наставниците, учениците и родителите**. Наставниците во реализацијата на часовите користеа **соодветни дидактичко-методски пристапи** и **постоечките нагледни средства и помагала**, со цел да се обезбеди ефективно и квалитетно учење.Континуираното следење на **постигнувањата и напредокот на учениците** претставуваше една од клучните обврски на наставниот кадар. Процесот на оценување се спроведуваше **објективно, транспарентно и во согласност со утврдените стандарди**. Потврда за тоа се **Стандардите за оценување** и **Интерните критериуми за оценување**, кои секој наставник ги изработува за својот предмет и ги доставува на увид кај директорот и стручните соработници. Овие критериуми се исто така достапни и за учениците и родителите, со цел да се обезбеди јасност, транспарентност и фер оценување.За реализација на **дополнителната и додатната настава**, наставниците изготвија соодветни **програми за работа**, кои беа доставени на увид кај директорот. Овие активности имаа за цел да ги поддржат учениците во совладувањето на наставната програма и да обезбедат дополнителни предизвици за учениците со напредни способности.

Со цел успешна примена на **иновативни пристапи во наставата**, наставниот кадар активно користеше **стручна литература**, присуствуваше на **едукативни предавања и семинари**, како и на **подготовки за нагледни часови**, што претставуваше важен чекор за споделување на иновациите со останатите субјекти во училиштето.

Наставниот кадар, во соработка со останатите вработени, континуирано работеше на унапредување на **квалитетот на наставата** преку развој на **лични и стручни компетенции**. Воспитно-образовниот процес во учебната 2024/2025 година се реализираше преку примена на следните **современи методолошки форми** на настава:

- индивидуализиран пристап, приспособен на **интересите и способностите на учениците**;
- **тимска настава**, работа во **парови и групи**, како и воспоставување **корелација меѓу сродни и различни наставни предмети**;

- користење на **современи нагледни средства и технолошки помагала** (ЛЦД проектори, компјутери, интернет);
- **самостојна изработка на инструменти за оценување**, вклучително тестови, контролни задачи и други форми на проверка на знаења.

Општинското средно училиште **„Јовче Тесличков“** има за цел едукација на **компетентни кадри**, подготвени да одговорат на потребите на пазарот на труд на **национално, регионално и локално ниво**. Примарната функција на училиштето е подготовка на ученици за **самостојно извршување на работни задачи** од различна сложеност во сферата на **стопанството, услужните дејности и финансиските институции**.

Во насока на постигнување на таа цел, наставата се спроведува со користење на достапни **наставно-нагледни средства и дидактички помагала**, кои обезбедуваат активна вклученост на учениците во процесот на учење и практична подготовка за нивниот иден професионален ангажман.

## 1.3 Превземени активности во текот на годината за подобрување на условите за работа

Во пресрет на учебната 2024/2025 година, како и за време на зимскиот распуст, во просториите на училиштето беше спроведена акција за дезинфекција, дезинсекција и дератизација од страна на Центарот за јавно здравје – Велес. Со тоа беа обезбедени целосно исчистени, дезинфицирани и здравствено безбедни училници и работни простории. Техничката служба при училиштето изврши сеопфатен увид и интервенции во текот на летниот период, со цел унапредување на безбедносните и технички услови за реализирање на воспитно-образовниот процес. Извршено беше молерисување во делови каде што постоеше потреба, како и проверка и санација на системот за греење, вклучително и парните котли и радијаторите. Со тоа се создадоа соодветни услови за непречено отпочнување на грејната сезона. Дворниот простор (преден и заден дел) беше исчистен и хортикултурно уреден согласно со можностите на училиштето. Во рамки на градежните зафати, училиштето доби нова фасада, со што освен визуелното подобрување, се постигна и зголемена енергетска ефикасност на објектот.

Училиштето располага со училишна библиотека достапна за сите ученици и вработени. Таа содржи богат книжевен фонд од домашна и странска продукција, вклучувајќи лектирни и стручни изданија. Во состав на библиотеката функционира и економска библиотека, со литература од релевантни области што се изучуваат во училиштето.Оваа учебна година дополнително се збогати економската библиотека со донација од Економски факултет – Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Овие ресурси овозможуваат дополнително збогатување на знаењата, поддршка при подготовка на есеи, проектни задачи и реализација на наставни активности.

Наставата се изведува во 25 кабинети, при што значителен дел од нив се опремени со современа опрема: компјутери, ЛЦД проектори, смарт табли, флип-чарт табли, печатачи, лаптопи и нагледни средства, што овозможува современ и квалитетен образовен процес.

## 1.4 Преглед на ученици и паралелки на крај од учебната 2024/2025

**Табела бр. 1**

| Струка / Сектор | Профил | I - година | | II - година | | III - година | | IV - година | | Вкупно I - IV | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | П | У | П | У | П | У | П | У | П | У |
| Економско - правна и трговска / Економија право и трговија | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг | 1-а | 19 | 2-а | 22 | / | / | / | / | 2 | 41 |
| | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг / Бизнис администратор | / | / | | | 3-а | 30 | / | / | 1 | 30 |
| | Економски техничар / Бизнис администратор | 1-б | 13 | / | / | / | / | 4-а | 15 | 2 | 28 |
| | Економски техничар / Правен техничар | / | / | 2-б | 8 | / | / | / | / | 1 | 8 |
| | Економски техничар | / | / | / | / | 3-б | 14 | / | / | 1 | 14 |
| | Економски техничар (албанска наставен јазик) | 1-в | 7 | 2-в | 17 | | | / | / | 2 | 24 |
| | Продавач - референт за продажни услуги | / | / | 2-г | 12 | 3-в | 14 | / | / | 2 | 26 |
| | Продавач - референт за продажни услуги/Асистент деловен администратор | 1-г | 22 | / | / | / | / | | | 1 | 22 |
| **Вкупно** | | **4** | **61** | **4** | **59** | **3** | **58** | **1** | **15** | **12** | **193** |

## 1.5 Наставен кадар

**Табела бр. 2**

| Наставен јазик | Степенот на стручна оспособеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | д-р | м-р | VII-1 | VI | IV |
| **Македонски** | / | 5 | 28 | / | / |
| **Албански** | / | / | 1 | / | / |
| **Вкупно** | / | 5 | 29 | / | / |
| **На определено време** | / | / | 2 | / | / |
| **Дополнување часови (од други училишта)** | / | / | 9 | / | / |

## 1.6 Преглед на стручен и административен кадар

**Табела бр. 3**

| Профил | Степенот на стручна оспособеност | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | д-р | м-р | VII-1 | VI | IV |
| Стручни соработници | / | / | 2 | / | / |
| Советник за општи и нормативно-правни работи (секретар) | / | / | 1 | / | / |
| **Вкупно** | / | / | 3 | / | / |

## 1.7 Раководен кадар

**Табела бр. 4**

| Функција | Завршено образование | | | Работно искуство во образование | Работно искуство на оваа работна позиција |
|---|---|---|---|---|---|
| | д-р | м-р | VII-1 | | |
| Директор | **/** | **1** | **/** | **13 години** | **3 години и 4 месеци** |
| Помошник директор | / | / | / | / | / |

## 1.8 Останати вработени

**Табела бр.5**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Технички персонал** | 1 (ноќен чувар) | 3 (хигеничари) | 1 (хаусмајстор) |

# 2. Настава – видови настава

## 2.1. Реализација на воспитно-образовната работа во училиштето

Наставниот кадар, директорот и стручните соработници од ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес на своите ученици им овозможуваат да стекнуваат теоретски и практични знаења од областа на економијата, правото и трговијата преку спроведување на настава во три квалификации од прва година со модуларно дизајнирани наставни програми во четиригодишно образование, и тоа во две паралелки на македонски наставен јазик и една паралелка на албански наставен јазик. Во тригодишното образование во профилот Продавач – референт за продажни услуги / Асистент деловен администратор. Со модуларна настава се профилите и од втора, трета и четврта година.

Наставниците користеа соодветни методско–дидактички форми на настава кои произлегуваа од проектот за модернизација на наставата. Наставниот процес се одвиваше со помош на сите нагледни средства и помагала со кои располага училиштето. И оваа година во наставата се користеше информатичката технологија согласно тематските и дневни планирања на наставниците.

Наставниците континуирано го следеа совладувањето на наставниот материјал од страна на учениците и им помагаа за полесно совладување на темите преку различен пристап за секој ученик. Транспарентноста и објективноста во оценувањето се неизоставен дел и главно обележје на наставниците.

Во склоп на редовната настава, во трета и четврта година учениците изучуваат изборни предмети. Според наставен план и модуларно дизајнирани програми, учениците избираат еден изборен модул составен од два изборни предмети кои ги изучуваат: првиот предмет во трета, а вториот во четрта година. Изборот на модулот, секој ученик го прави кон крајот на втора година со пополнување на анкетен лист. Оваа учебна година учениците ги изучуваа следните изборни модули и предмети по профили.

- Во профилот **економски техничар** се изучуваааа три изборни модули: **Маркетинг, Комерцијално работење, Банкарство и осигурување**. Од изборен модул Маркетинг во трета година учениците изучуваа наставен предмет Однесување на потрушувачите, а во четврта година Интегрирани маркетинг комуникации .Од изборен модул Комерцијално работење учениците во трета година го изучуваа наставниот предмет Управување со производ. Од изборниот модул Банкарство и осигурување во четврта година предметот Осигурување.
- Во профилот **бизнис администратор** се изучуваше изборниот модул Деловна економија, со тоа што учениците во трета година го изучуваа изборниот предмет Менаџмент, а во четврта година го изучуваа изборниот предмет Промоција и односи со јавноста.
- Во профилот **Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг**, се изучуваа модулите Огласување на дигитални канали со предметот Основи на дигитално огласување,Дизајн и развој на веб со предметот Основни принципи на Веб дизајн и Онлајн продажба со предметот Онлајн маркетинг микс.

За учениците кои покажуваа послаби резултати наставниците организираа и реализираа дополнителна настава, а за оние ученици кои покажуваа забележителен успех, интерес и напредок по однос на некој предмет се реализираше додатна настава. Преку овие форми на настава училиштето ги исполнува потребите на учениците за остварување на минимум знаења од секторот и им овозможува на солидните ученици да

напредуваат во предметите од интерес. За потребите на учениците кои полагаа диференцијални испити и за вонредните ученици се реализираше консултативната настава.

Се реализраше и практична настава во рамките на редовната настава. Стекнувањето на практични знаења и искуства е значајна одлика на секое современо образование. Согласно со потребите на пазарот на трудот, ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес вложува сериозни напори во делот на практичната настава, што допринесува до голем број на совремни ученици со стекнати практични вештини и знаења.

Во учебната 2024/2025 година во ОСУ„Јовче Тесличков“ - Велес како една од формите на практично образование според наставен план и модуларно дизајнирани програми, се реализираше. и задолжителен предмет **Учење преку работа кај работодавач**. Тој се реализираше во текот на учебната година кај работодавачите и социјалните партнери со кое училиштето има склучено Меморандуми за соработка. Делот од програмите за практична обука, по правило, се реализираа кај работодавач. Наставата во училиштето по стручно-теоретските предмети претставува подготовка за реализација на Учењето преку работа кај работодавач. Учењето преку работа претставува практична обука на работно место во компанија и други објекти, која им нуди на учениците стекнување работно искуство во реални услови. Тоа им овозможува знаењето и вештините што се стекнати во училиште да ги поврзат со светот на трудот и идните кариерни можности. Комбинацијата од учење на работно место и стекнувањето на општи и стручно-теоретските знаења во училиштата се задолжителен дел од стручното образование за стекнување образовни квалификации. Учењето преку работа им помага на учениците полесно и побрзо да се вклучат во работниот процес и да ги преземаат одговорностите кои произлегуваат од него. За успешна реализација на истиот, директорот и наставниците задолжени за предметот, воспоставија контакт и потпишаа меморандуми за соработка со компании во кое се реализираше овој вид на настава, при што учениците еден ден во работната недела со 4 наставни часови во трета година и 6 часови во четврта година реализираа практично образование во компаниите и работеа на стекнување практични вештини од секторот економија, право и трговија. Паралелките во соработка со компании (дуални паралелки) реализираа 4 наставни часа во втора година и 8 наставни часови во трета година. Оваа учебна година практичното образование се реализираше во следните компании: Нотарска канцеларија Радица Хаџи Петрушева, Општина Велес - Одделение за финансиски прашања, Андреева Консалтинг Велес, Основен суд Велес ,Фершпед Ад Скопје - подружница Велес, Малина Велес, ДПТУ ЖИТО (сметководство и магацин), АД Брако Велес, Уника Осигурување Ад Велес, Витал БТ – Велес, Марис Биро, Ирена Вел, Историски архив – Велес,ТОБО Консалт Велес, Мирола Велес, Книжарница Аско Ас – Велес,Сметководствено биро ЛЕКОВ – Велес,Европска куќа Велес,Општина Велес – Правен сектор,Адвокат Горан Николовски, Шумско стопанство Бабуна Велес, Тргошпед Велес, Прва Книга ДООЕЛ Велес, Општина Градско (правен и финансиски сектор), и др.

Задолжителен дел од практичното образование е и **Феријалната практика** која ја реализираат сите ученици (освен од завршните години) за време на летниот период, во времетраење од 10 до 20 работни дена. Учениците имаат можност самостојно да изберат компании каде што ќе реализираат феријална практика, а училиштето потпишува меморандум за соработка со тие компании. На крајот, ученикот добива потврда за реализирана феријална практика и истата ја доставува до класниот раководител, што е и услов за упис во наредна учебна година.

Во ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес согласно наставниот план и модуларно дизајнирани наставни програми, дадена е можност на учениците да реализираат **Содржини програмирани од училиштето** во прва, втора, трета и четврта година од областите:

- Прва година: Светско наследство во рацете на младите
- Втора година: Планирање на кариера
- Трета година: Ученичка компанија – Претприемачка практика за млади
- Четврта година: Активно барање на работа

Овие програми се официјално одобрени од страна на ЦСОО и МОН и точно утврдено во која година треба да се изучуваат. Во училиштето редовно се ажурираат податоците во базата на податоци ЕМИС/ЕСАРУ/ХРМ за учениците и за вработените.

Презентацијата и одбраната на проектната задача за учениците од четврта година се организираше во училиштето. Класните совети за крај на година за учениците од завршните години се одржаа на 19 мај 2024 година, а за учениците од прва, втора и трета година се одржаа на 12 јуни 2025 година. За сите совети во училиштето се водеше записник.

Евиденцијата на наставните часови, оценките и останатите активности, наставниците ги евидентираат во електронскиот дневник, а секој класен раководител по завршување на месецот доставуваше печатени податоци од електронскиот дневник кај педагогот. Учениците стекнуваа теоретски и практични знаења од областа на економијата, трговијата и правото. Тие со наставниците работеа на полето за:

- Раст и развој на професионалните и лични способности, со кои стануваат конкурентни на пазарот на трудот и ги зголемуваат можностите за вработување на добри работни места
- Развој на вештините за трговски и маркетинг промотори, преку кои ги зголемуваат можностите за одржливост на бизнисот

Реализацијата на воспитно-образовниот процес во училиштето овозможи стекнување на нови знаења и вештини и развој на интелектуалните способности, критичко и креативно мислење, развој на личноста на учениците, емоциите, ставовите, интересите, вредностите, мотивите и верувањата. Наставниот кадар, директорот и стручниот соработник работеа на можностите за развој на лидерските способности во рамките на училиштето и во деловната заедница.

## Компаративна проценка на реализирани приоритети од развоен план и годишна програма

Развојната програма на училиштето за периодот 2021 – 2025 година и Годишната програма чии приоритети произлегоа од развојната програма во целост беа во функција на успешно реализирање на воспитно – образовниот процес во нашето училиште за учебната 2024/2025 година. Како приоритети беа утврдени следните:

**Прв приоритет: Континуиран развој на наставниот процес во чекор со современите трендови**
**Втор приоритет: Одржување на висок степен на организациска клима и култура во училиштето**

**Трет приоритет: Обезбедување на квалитетни и современи материјални ресурси за работа**

Сите наставници беа распоредени во тимови според развојните цели, задачите и предвидените активности и истите во рамките на предвидениот временски рок беа исполнети согласно можностите на училиштето. Сите наставници во училиштето работеа на релизација на Годишната програма, при што секој наставник беше задолжен за реализација на активностите од својот развоен тим.

## 2.2. Од реализацијата на наставните планови и програми

Планирањето на наставата со помош на годишните, тематските/модуларните и дневно планирањата на час од страна на наставниците, тимското работење преку активите, соработката со директорот и стручните соработници, вклучување на родителите во носење одлуки поврзани со наставата и јакнење на соработката со локалната средина го обезбедуваат квалитетот на наставниот процес. Секој наставник ја планираше реализацијата на наставните планови и програми и се придржуваше на планираното.

Од анализата на реализацијата на наставните планови и програми може да се заклучи дека во учебната 2024/2025 се реализираа планираните наставни часови. Согласно Календарот за организација за учебната 2024/2025 година во завршната година на образование се реализираа 164 наставни денови, а за сите останати години на образование се реализираа 180 наставни денови. Настава во училиштето се изведуваше редовно освен за време на викендите, државните и верските празници кои се пропишани со Програмата за неработни денови од МСПДМ.

При анализа на реализацијата на наставните планови и програми за учебната 2024/2025 година, се **регистрирани мали отстапувања од планираното**, кои **не го нарушија квалитетот на наставата** и не влијаеја значајно врз постигнувањата на учениците.

Овие отстапувања главно произлегоа од:

- **учество на наставниот кадар на стручни семинари, обуки и советувања** кои беа организирани во време на настава,
- како и **отсуства поради боледување** на дел од наставниците.

Во сите случаи беа преземени соодветни мерки за надоместување на изгубените часови (како дополнителни термини, замени од колеги или прилагодување на распоредот), со цел да се обезбеди континуитет и целосна реализација на приоритетните наставни содржини. Заклучно, и покрај забележаните отстапувања, наставата се реализираше успешно и согласно планираните цели и програми, при што беа исполнети основните воспитно-образовни задачи за учебната 2024/2025 година.

## 2.3. Анализа на работата на стручните активи и наставничкиот совет

Во училиштето постојат три стручни активи и тоа:
- актив на групата општествено – јазични и уметнички предмети,
- актив на економисти и
- актив на групата природно – математички предмети.

Во прилог на извештајот сите активи поединечно имаат изготвено извештаи за нивната работа.

### 2.3.1 Наставнички совет

Наставничкиот совет претставува **стручен орган и носител на воспитно-образовната работа** во училиштето. Истиот го сочинуваат: наставниците, директорот и стручните соработници.

Својата работа ја реализира врз основа на **Програмата за работа на Наставничкиот совет**, која е составен дел на **Годишната програма за работа на училиштето**, како и врз основа на укажувања од надлежни органи и служби, кога е потребно. Активностите на Наставничкиот совет се насочени кон имплементација на:

- **Законот за средно образование**,
- **Законот за средно стручно образование и обука,**
- Законот за наставници и стручни соработници,
- **Статутот на училиштето**,
- како и другите **законски регулативи, правилници и интерни акти**.

Состаноците на Наставничкиот совет **се одржуваа континуирано** во текот на целата учебна 2024/2025 година, согласно однапред утврдената динамика. Секој состанок беше **документиран од страна на записничар**, со уредно водена евиденција на дискусиите и донесените одлуки.Наставничкиот совет донесуваше значајни одлуки поврзани со организацијата и унапредувањето на воспитно-образовниот процес, при што тие се усвојуваа **со мнозинство гласови од присутните членови**. **Присуството на состаноците е задолжително за сите наставници**, што придонесе за навремена информираност, координација и активно учество во процесите на донесување одлуки поврзани со работата на училиштето.

## 2.4 Од примената на наставни техники на учење и поучување

Општинското средно училиште **„Јовче Тесличков“ од Велес** го следи современиот тек на македонскиот образовен систем, при што постојано се стреми кон унапредување на наставниот процес преку **примената на разновидни наставни техники и стратегии за учење и поучување**.

Во текот на учебната 2024/2025 година, наставниците применуваа **иновативни и адаптирани методи на работа**, согласно предметните специфики и потребите на учениците. Преку користење на **кооперативно и натпреварувачко учење**, се поттикнуваше повисока мотивација за активно учество и за развивање на лични и социјални компетенции кај учениците.

Особено внимание беше посветено на:

- **групна интеракција и тимска работа**,
- **структурирани дискусии** и **размена на мислења и искуства**,
- **презентации**, **истражувачки задачи** и **проектна настава**,
- како и **употреба на дигитални алатки** и интерактивни содржини во наставата.

Овие техники овозможија **подобро разбирање на наставните содржини**, **развивање на критичко размислување**, како и **подобрување на комуникациските и колаборативните вештини** кај учениците.

Примената на современи наставни пристапи се покажа како ефикасна во постигнување на воспитно-образовните цели и придонесе кон создавање на позитивна, мотивирачка и динамична училишна атмосфера.

## 2.5 Од примената на наставната технологија во наставата

Современиот начин на живот и динамичниот технолошки развој наметнуваат императив секој човек, а особено младиот човек, да поседува **дигитални вештини** и **способност за користење на технологијата** во учење и во секојдневната работа. Во таа насока, **наставниот процес во училиштето „Јовче Тесличков“ активно ја интегрира наставната технологија** со цел подготовка на компетентни и конкурентни ученици, спремни да одговорат на барањата на современиот пазар на труд.

Училиштето располага со следна **техничка и технолошка поддршка** во функција на реализација на наставата:

- **Персонални компјутери** достапни за учениците,
- **Персонален компјутер и/или лаптоп за секој наставник**,
- **Електронска табла**,
- **LCD проектори** во училниците,

- **Пристап до интернет** и користење на **образовни дигитални платформи и ресурси**.

  Овие ресурси активно се користат при изведба на наставата, особено во:

- презентирање на наставни содржини,
- користење на мултимедијални материјали,
- спроведување на дигитални квизови и онлајн тестирања,
- како и при реализација на проектни активности и истражувачки задачи.

Ваквиот пристап ја зголемува интерактивноста на наставата, овозможува **визуелизација на сложени содржини**, како и поголема вклученост и ангажираност на учениците. Примената на наставната технологија придонесува и за **развој на дигиталната писменост**, како и за **подобрување на квалитетот на наставниот процес** во целина.

## 2.6 Табеларен преглед на бројот на планирани и реализирани наставни часови по предмети

**Табела бр. 2.6.1** Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во **прва година**

| I година наставни предмети | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг | | Економски техничар / Бизнис администратор | | Економски техничар (албански наставен јазик) | | Продавач - референт за продажни услуги / Асистент деловен администратор | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Планирани | Реализирани во % | Планирани | Реализирани во % | Планирани | Реализирани во % | Планирани | Реализирани во % |
| Македонски јазик и литература | 108 | 104 | 108 | 103 | 72 | 97 | 108 | 97,22 |
| Англиски јазик (прв) | 72 | 103 | 72 | 103 | 72 | 99 | 72 | 97,22 |
| Француски јазик (втор) | 72 | 97 | 72 | 100 | 72 | 92 | / | / |
| Руски јазик (втор) | / | / | | / | / | / | / | / |
| Германски јазик (втор) | 72 | 99 | 72 | 99 | / | / | / | / |
| Албански јазик и литература | / | / | / | / | 108 | 96 | / | / |
| Математика | 108 | 106 | 108 | 103 | 108 | 89 | 108 | 102 |
| Историја | 72 | 104 | 72 | 104 | 72 | 97 | 72 | 105 |
| Информатика | 72 | 104 | 72 | 97 | 72 | 100 | 72 | 97 |
| Бизнис и претприемништво | / | / | / | / | / | / | 108 | 92 |
| Претприемништво и бизнис | 108 | 100 | 108 | 102 | 108 | 104 | / | / |
| Граѓанско образование | 72 | 99 | 72 | 100 | 72 | 97 | / | / |
| Деловна комуникација | 108 | 100 | 108 | 99 | 108 | 101 | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Право и државно уредување | 72 | 101 | 72 | 101 | 72 | 103 | / | / |
| Економска географија | 72 | 94 | 72 | 94 | 72 | 104 | / | / |
| Музичка култура | 36 | 108 | 36 | 100 | 36 | 108 | / | / |
| Спорт и спортски активности | 72 | 97 | 72 | 104 | 72 | 97 | 72 | 103 |
| Ликовна уметност | 36 | 100 | 36 | 100 | 36 | 100 | 72 | 100 |
| Трговија | / | / | / | / | / | / | 108 | 99 |
| Политика на производ | / | / | / | / | / | / | 72 | 100 |
| Биологија | / | / | / | / | / | / | 72 | 97 |
| Практична настава | / | / | / | / | / | / | 288 | 76,4 |

**Табела бр. 2.6.2** Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во **втора година**

| **II година наставни предмети** | **Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг / Бизнис администратор** | | **Економски техничар (албански наставен јазик)** | | **Економски техничар / Правен техничар** | | **Продавач – референт за продажни услуги** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Планирани | Реализирани во % | Планирани | Реализирани во % | Планирани | Реализирани во % | Планиран и | Реализирани во % |
| Македонски јазик и литература | 102 | 103 | 72 | 97 | 108 | 104 | 108 | 97 |
| Англиски јазик (прв) | 72 | 100 | 72 | 104 | 72 | 103 | 72 | 100 |
| Германски јазик (втор) | 72 | 101 | / | / | 72 | 100 | / | / |
| Француски јазик (втор) | 72 | 100 | 72 | 94 | 72 | 100 | / | / |
| Руски јазик (втор) | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Деловен англиски јазик | 72 | 101 | / | / | / | / | / | / |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Учење преку работа | / | / | / | / | 144 | 108 | / | / |
| Математика | 108 | 104 | 108 | 94 | 108 | 106 | 72 | 84 |
| Историја | 72 | 104 | 72 | 99 | 72 | 99 | 72 | 104 |
| Информатика | 72 | 99 | 72 | 97 | 72 | 103 | / | / |
| Бизнис и претприемништво | / | / | / | / | / | / | 72 | 102 |
| Право и државно уредување | 72 | 100 | 72 | 96 | 72 | 100 | / | / |
| Основи на сметководство | / | / | 108 | 98 | 108 | 99 | / | / |
| Статистика | 108 | 102 | 72 | 104 | 72 | 100 | / | / |
| Претлиемништво и бизнис | 108 | 99 | 108 | 102 | 108 | 102 | / | / |
| Административно и канцелариски работи | / | / | / | / | 144 | 99 | / | / |
| Географија | / | / | / | / | / | / | 72 | 95 |
| Спорт и спортски активности | 72 | 100 | 72 | 106 | 72 | 101 | 72 | 102 |
| Трговија | / | / | / | / | / | / | 72 | 102 |
| Внатрешна трговија | 108 | 102 | 108 | 101 | 108 | 102 | / | / |
| Политика на производ | / | / | / | / | / | / | 72 | 100 |
| Административно право | / | / | / | / | 108 | 100 | / | / |
| Стварно право | / | / | / | / | 108 | 99 | / | / |
| Практична настава | / | / | / | / | / | / | 504 | 101 |

**Табела бр. 2.6.3** Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во **трета година**

| III година наставни предмети | Техничар за е- трговија и дигитален маркетинг / Бизнис администратор | | Економски техничар | | Продавач - Референт за продажни услуги | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Планирани | Реализирани во % | Планирани | Реализирани во % | Планирани | Реализирани во % |
| Македонски јазик и литература | 108 | 100 | 108 | 105 | 99 | 93 |
| Англиски јазик | 72 | 100 | 72 | 97 | 66 | 98 |
| Математика за економисти | / | / | 72 | 99 | / | / |
| Бизнис и претприемништво | / | / | / | / | 66 | 100 |
| Економија | 72 | 100 | 72 | 100 | / | / |
| Статистика | 72 | 100 | / | / | / | / |
| Маркетинг | 108 | 99 | 72 | 103 | / | / |
| Трговско право | 72 | 102 | 72 | 103 | / | / |
| Управно процесно право | / | / | / | / | / | / |
| Социологија | 72 | 99 | 72 | 99 | / | / |
| Практична настава | / | / | / | / | 462 | 100 |
| Учење преку работа | 144 | 97 | 288 | 98 | / | / |
| Спорт и спортски активности | 72 | 100 | 72 | 100 | 33 | 100 |
| Комерцијално работење | 108 | 100 | / | / | / | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Административно-канцелариски работи | 108 | 101 | / | / | / | / |
| Финансиско сметководство | / | / | 108 | 98 | / | / |
| Финансиско работење | / | / | 108 | 100 | / | / |
| Надворешна трговија | / | / | 72 | 103 | / | / |
| Однесување на потрошувачите | / | / | / | / | 66 | 102 |
| Математика | / | / | / | / | 66 | 105 |
| Техники на продажба | / | / | / | / | 66 | 100 |
| Трговија | / | / | / | / | 66 | 105 |
| **Изборни предмети** | | | | | | |
| Менаџмент | 72 | 100 | / | / | / | / |
| Однесување на потрошувачите | / | / | 72 | 99 | / | / |
| Управување со производ | / | / | 72 | 99 | / | / |
| Онлајн маркетинг микс | 72 | 100 | / | / | / | / |
| Основи на дигитално огласување | 72 | 100 | / | / | / | / |
| Основни принципи на веб дизајн | 72 | 100 | / | / | / | / |

**Табела бр. 2.6.4** Табеларен преглед на планираните и реализираните наставни часови по предмети во **четврта година**

| **IV година наставни предмети** | **Економски техничар / Бизнис администратор** | |
|---|---|---|
| | Планирани | Реализирани во % |
| Македонски јазик и литература | 99 | 100 |
| Англиски јазик | 66 | 100 |
| Економија | 66 | 100 |
| Учење преку работа кај работодавач | 198 | 100 |
| Кореспонденција | 99 | 97 |
| Спорт и спортски активности | 66 | 103 |
| Финансиско работење | 99 | 99 |
| Психологија | 33 | 88 |
| Проектен менаџмент | 99 | 97 |
| Логика | 33 | 106 |
| Маркетинг | 66 | 102 |
| Банкарско работење | 99 | 100 |
| Математика за економисти | 67 | 100 |
| Менаџмент и бизнис планирање | 99 | 98 |
| Финансиско сметководство | 99 | 100 |
| **Изборни предмети** | | |
| Интегрирани маркетинг комуникација | 66 | 86 |
| Осигурување | 66 | 100 |
| Промоција и односи со јавност | 66 | 92 |

## 2.7 Анализа на успехот и редовноста на учениците во учебната 2024/2025 година

### ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД на учениците од I до IV година во учебната 2024/2025 година

**Табела 2.7.1 Бројна состојба на учениците**

| Вкупно ученици на почетокот на годината | | | Испишани во текот на годината | | | Запишани во текот на годината | | | Вкупно ученици на крајот на годината | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк |
| 125 | 76 | 201 | 10 | 5 | 15 | 5 | 2 | 7 | 120 | 73 | 193 |

**Табела 2.7.2 Ученици по успех**

| Одлични | | | Мн. добри | | | Добри | | | Доволни | | | Повторуваат | | | Класен испит | | | Вкупно | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк | м | ж | вк |
| 18 | 39 | 57 | 23 | 15 | 38 | 25 | 11 | 36 | 29 | 2 | 31 | 4 | 2 | 6 | / | / | / | 119 | 74 | 193 |

Од вкупно 193 ученици, наставната година заврши со: 57 (29,53%) се одлични, 38 (19,68%) се многу добри, 36 (18,65%) се добри, 31 (16,06%) се доволни, 6 (3,10%) не ја завршиле годината и 25 (12,95%) ученици се упатени на поправни испити.

По завршување на испитните сесии, на крајот на учебната година, успехот е следен: 57 (29,54%) се одлични, 38 (19,68%) се многу добри, 46 (23,83%) се добри, 44 (22,80%) се доволни, 8 (4,15%) не ја завршиле годината.

**Табела 2.7.3 Поединечен успех по предмети**

| Предмети | 5 | % | 4 | % | 3 | % | 2 | % | 1 | % | М | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | **48** | 24.87 | 28 | 14,50 | 38 | 19,68 | 74 | 38,34 | 5 | 2,59 | **3,20** | 193 |
| Англиски јазик | 52 | 26,94 | 19 | 9,8 | 25 | 12,95 | 92 | 47,66 | 3 | 3,70 | **3,10** | 193 |
| Француски јазик (втор) | 10 | 16.66 | 3 | 5 | 13 | 21,66 | 32 | 53,33 | 2 | 3,33 | **2,78** | 60 |
| Руски јазик (втор) | / | / | 1 | 50 | / | / | 1 | 50 | / | / | **3** | 2 |
| Германски јазик (втор) | 12 | 50 | 5 | 20,83 | 5 | 20,83 | 2 | 8,33 | / | / | **4,12** | 24 |
| Албански јазик и литература | 2 | 7,40 | 4 | 14,81 | 6 | 22,22 | 12 | 50 | | | **2,83** | 24 |
| Право и државно уредување | 25 | 29,06 | 12 | 13,95 | 23 | 26,74 | 24 | 27,90 | 2 | 2,32 | **3,40** | 86 |
| Граѓанско образование | 19 | 48,71 | 8 | 20,51 | 8 | 20,51 | 4 | 10,25 | / | / | **4,07** | 39 |
| Претприемништво и бизнис | 22 | 25,58 | 18 | 20,93 | 21 | 24,41 | 24 | 27,90 | 1 | 1,16 | **3,41** | 86 |
| Бизнис и претприемништво | / | / | 3 | 6,25 | 13 | 27,08 | 30 | 62,5 | 1 | 2,08 | **2,33** | 48 |
| Деловна комуникација | 16 | 32 | 12 | 24 | 7 | 14 | 15 | 30 | / | / | **3,58** | 50 |
| Економска географија | 18 | 50 | 8 | 20,51 | 7 | 17,94 | 6 | 15,38 | / | / | **3,97** | 39 |
| Географија | 1 | 8,33 | 3 | 25 | 7 | 58,53 | 1 | 8,33 | / | / | **3,33** | 12 |
| Внатрешна трговија | 16 | 34,78 | 7 | 15,21 | 13 | 28,26 | 8 | 17,39 | / | / | **3,54** | 46 |
| Трговија | / | / | / | / | 2 | 50 | 37 | 82.60 | / | / | **2,05** | 39 |
| Биологија | / | / | / | / | 2 | 9,09 | 20 | 90,90 | / | / | **2,09** | 22 |
| Политика на производ | / | / | 3 | 13,04 | 1 | 4,34 | 19 | 82,60 | 1 | 4,34 | **2,34** | 23 |
| Музичка култура | 13 | 33,33 | 5 | 12,82 | 8 | 20,51 | 13 | 33,33 | / | / | **3,46** | 39 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ликовна уметност | 43 | 70,49 | 17 | 27,86 | 1 | 1,6 | / | / | / | / | **5,00** | 61 |
| Административно канцелариски работи | 2 | 66,66 | 1 | 33,33 | / | / | / | / | / | / | **4,67** | 3 |
| Математика | 22 | 20 | 7 | 6,36 | 20 | 18,18 | 60 | 54,54 | 1 | 0,91 | **2,90** | 110 |
| Математика за економисти | 10 | 35,71 | 3 | 10,71 | 2 | 7,14 | 13 | 46,42 | / | / | **3,36** | 28 |
| Историја | 34 | 28,33 | 23 | 19,16 | 24 | 20 | 39 | 32,5 | / | / | **3,43** | 120 |
| Информатика | 25 | 23,14 | 15 | 13,88 | 15 | 13,88 | 45 | 41,66 | 2 | 1,85 | **2,98** | 108 |
| Банкарско работење | 7 | 50 | 4 | 28,57 | / | / | 3 | 21,42 | / | / | **4,07** | 14 |
| Практична настава | / | / | 4 | 8,33 | 12 | 25 | 31 | 64,58 | 1 | 2,08 | **2,39** | 48 |
| Статистика | 14 | 29,16 | 5 | 10,41 | 13 | 27,08 | 13 | 27,08 | / | / | **3,22** | 48 |
| Економија | 29 | 49,15 | 5 | 8,47 | 6 | 10,16 | 19 | 32,20 | / | / | **3,74** | 59 |
| Основи на сметководството | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **/** | / |
| Деловен англиски јазик | 20 | 71,42 | 4 | 14,28 | 4 | 14,28 | / | / | / | / | **4,57** | 28 |
| Административно право | 1 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / | **5,00** | 1 |
| Спорт и спортски активности | 123 | 63,73 | 19 | 9,84 | 22 | 11,39 | 60 | 31,08 | / | / | **4,54** | 193 |
| Техники на продажба | / | / | / | / | 1 | 7,14 | 12 | 85,71 | 1 | 7,14 | **2,00** | 14 |
| Однесување на потрошувачите | 2 | 28,57 | 3 | 42,85 | 1 | 14,28 | 1 | 14,28 | / | / | **3,85** | 7 |
| Трговско право | 15 | 34,09 | 5 | 11,36 | 8 | 18,18 | 16 | 33,36 | / | / | **3,43** | 44 |
| Управно процесно право | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | **/** | / |
| Социологија | 25 | 56,81 | 7 | 15,9 | 8 | 18,18 | 4 | 9,09 | / | / | **4,20** | 44 |
| Учење преку работа кај работодавач | 60 | 89,55 | 4 | 5,97 | 2 | 2,98 | 1 | / | / | / | **4,95** | 67 |
| Комерцијално работење | 1 | 50 | / | / | / | / | 1 | 50 | / | / | **3,50** | 2 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Финансиско сметководство | 7 | 25 | 8 | 28,57 | 7 | 25 | 6 | 21,42 | / | / | **3,57** | 28 |
| Финансиско работење | 1 | 6,66 | 3 | 20 | 4 | 26,66 | 7 | 46,66 | / | / | **2,86** | 15 |
| Надворешна трговија | 18 | 42,85 | 3 | 7,14 | 8 | 19,04 | 13 | 30,95 | / | / | **3,61** | 42 |
| Кореспонденција | / | / | / | / | 1 | 100 | / | / | / | / | **3,00** | 1 |
| Бази на податоци | 24 | 85,71 | 2 | 7,14 | / | / | 2 | 7,14 | / | / | **4,71** | 28 |
| Канцелариско административно работење | / | / | 1 | 9,09 | 1 | 9,09 | 9 | 81,81 | / | / | **2,27** | 11 |
| Стварно право | 1 | 100 | / | / | / | / | / | / | / | / | **5,00** | 1 |
| Психологија | 12 | 80 | / | / | 1 | 6,66 | 2 | 13,33 | / | / | **4,46** | 15 |
| Логика | 10 | 66,66 | / | / | 2 | 13,33 | 3 | 20 | / | / | **4,13** | 15 |
| Маркетинг | 18 | 41,86 | 11 | 25,58 | 8 | 18,60 | 6 | 13,95 | / | / | **3,95** | 43 |
| Проектен менаџмент | / | / | 1 | 100 | / | / | / | / | / | / | **4,00** | 1 |
| Менаџмент и бизнис планирање | 9 | 64,28 | 2 | 14,28 | / | / | 2 | 14,28 | / | / | **4,07** | 14 |
| **Изборни предмети** | | | | | | | | | | | | |
| Онлајн маркетинг микс | 8 | 72,72 | 3 | 27,27 | / | / | / | / | / | / | **4,72** | 11 |
| Однесување на потрошувачите | 2 | 28,57 | 3 | 42,85 | 1 | 14,28 | 1 | / | / | / | **3,85** | 7 |
| Основи на дигитално однесување | 6 | 85,71 | / | / | 1 | 14,28 | / | / | / | / | **4,71** | 7 |
| Основни принципи на веб дизајн | 9 | 81,81 | 1 | 9,09 | 1 | 9,09 | / | / | / | / | **4,72** | 11 |
| Менаџмент | 1 | 50 | / | / | 1 | 50 | / | / | / | / | **4,00** | 2 |
| Управување со производ | 2 | 28,57 | / | / | / | / | 5 | 71,42 | / | / | **2,85** | 7 |
| Промоција и односи со јавноста | / | / | 1 | 100 | / | / | / | / | / | / | **4,00** | 1 |
| Осигурување | 4 | 66,66 | 2 | 33,33 | / | / | / | / | / | / | **4,66** | 6 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Интегрирани маркетинг комуникации | 5 | 62,5 | / | / | / | / | 3 | 37,5 | / | / | **3,87** | 8 |
| **Вкупно** | **824** | **35,7** | **306** | **13,2** | **374** | **16,2** | **778** | **33,7** | **22** | **0,95** | **3,49** | **193** |

Највисок процент на оценки одличен (5) е постигнат по предметите: Ликовна уметност 70,49%, Учење преку работа кај работодавач 89,55,а Основи на дигитално однесување(85,71) и Основни принципи на веб дизајн (81,81) од Изборните предмети.

Најмногу негативни оценки има по предметите: Македонски јазик и литература и Англиски јазик.

Највисок просек учениците оствариле по предметот Учење преку работаодавач (4,84),а најслаб просек е по предметите Практична настава (2,39) и Бизнис и претприемништво (2,33).

**Табела 2.7.4 Преглед на општиот успех на учениците на крајот од наставната и учебната 2024/2025 година**

| Година на образование | Вкупно | Ж | Постигнат успех | | | | Вк | Со недоволен успех | | | Класен испит | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Одличен | Многу добар | Добар | Доволен | | со 1 слаба | со 2 слаби | 3 и повеќе слаби | | |
| 1-год | **61** | **22** | 17 | 14 | 7 | 19 | **57** | / | 2 | 2 | / | **3,34** |
| 2-год | **59** | **16** | 10 | 13 | 14 | 18 | **55** | / | / | 4 | / | **3,10** |
| 3-год | **58** | **26** | 20 | 9 | 14 | 12 | **55** | 1 | 2 | / | / | **3,17** |
| 4-год | **15** | **9** | 10 | 2 | / | 2 | **14** | / | 1 | / | / | **3,86** |
| **Вкупно** | **193** | **73** | **57** | **38** | **35** | **51** | **181** | **1** | **5** | **6** | **/** | **3,36** |

Од табеларниот приказ може да се забележи дека учениците од четврта година имаат најдобар успех (3,86), а додека пак учениците од втора година имаат најслаб успех (3,10). Најмногу одлични ученици има во трета година (20), а најмалку во втора година (10),со оглед на бројот на деца. Средниот успех на ниво на училиште изнесува 3,36.

**Табела 2.7.5 Преглед на средниот успех по паралелки и квалификации за учебната 2024/2025 година**

| Струка / Сектор | Профил / квалификација | I - година | | II - година | | III - година | | IV - година | | Вкупно I - IV | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | пар | успех | пар | успех | пар | успех | пар | успех | пар | успех |
| Економско - правна и трговска / Економија право и трговија | **Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг** | 1-а | 3,96 | 2-а | 3,71 | | | | | 2 | 3,83 |
| | **Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг / бизнис администратор** | | | | | 3-а | 4,33 | | | 1 | 4,33 |
| | **Продавач - референт за продажни услуги** | | | 2-г | 2,22 | 3-в | 1,92 | | | 2 | 2,07 |
| | **Економски техничар / Бизнис администратор** | 1-б | 3,61 | | | | | 4-а | 3,86 | 2 | 3,73 |
| | **Економски техничар** | | | 2-б | 4,04 | 3-б | 3,27 | | | 2 | 3,65 |
| | **Економски техничар (албанска паралелка)** | 1-в | 3,67 | 2-в | 2,45 | | | | | 2 | 3,06 |
| | **Продавач - референт за продажни услуги / Асистент деловен администратор** | 1-г | 2,15 | | | | | | | 1 | 2,15 |
| **Вкупно** | | **4** | **3,34** | **4** | **3,10** | **3** | **3,17** | **1** | **3,86** | **12** | **3,26** |

Споредувајќи го просечниот успех по паралелки во година,можеме да заклучиме дека најдобар успех имаат паралелките: 1-а, 2-б, 3-а и 4-а. Најслаб успех имаат паралелките: 1-г, 2-в, 3-в. Најдобар среден успех во целото училиште има паралелката 3-а (4,33) а најслаб среден успех

има паралелката 3-в (1,92). Општиот среден успех на училиштето за крајот на учебната 2024/2025 година е 3,26, а во учебната 2023/2024 година бил 3,32. Гледано по профили, највисок просек има профилот Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг/ бизнис администратор (4,33), а најслаб профилот Продавач-референт за продажни услуги со тригодишно образование (2,07).

**Табела 2.7.6 Преглед на изостаноци по паралелки, класови и профили за учебната 2024/2025 година**

| Струка / Сектор | Профил | I - година | | II - година | | III - година | | IV - година | | Вкупно I - IV | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | пар | Σ | пар | Σ | пар | Σ | пар | Σ | пар | Σ |
| Економско-правна и трговска / Економија право и трговија | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг | 1-а | 21 | 2-а | 38 | / | / | / | / | 2 | 59 |
| | Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг/ Бизнис администратор | / | / | / | / | 3-а | 26 | / | / | 1 | 26 |
| | Продавач - референт за продажни услуги | / | / | 2-г | 77 | 3-в | 63 | / | / | 2 | 140 |
| | Економски техничар / Бизнис администратор | 1-б | 49 | / | / | / | / | 4-а | 53 | 2 | 102 |
| | Економски техничар | / | / | 2-б | 33 | 3-б | 64 | / | / | 2 | 97 |
| | Економски техничар (албански наставен јазик) | 1-в | 78 | 2-в | 101 | / | / | / | / | 2 | 179 |
| | Продавач - референт за продажни услуги/Асистент деловен администратор | 1-г | 67 | / | / | / | / | / | / | 1 | 67 |
| **Вкупно** | | **4** | **54** | **4** | **62** | **3** | **51** | **1** | **53** | **12** | **55** |

Според изостаноците, најредовни биле учениците од паралелките: 1-а , 2-б и 3-а. Најмалку редовни биле паралелките: 1-в, 2-в, 3-в и 4-а. Најредовна паралелка на ниво на цело училиште била 1-а клас со 21 изостаноци просечно по ученик, а најмалку редовен клас во училиштето бил

2-в клас со 101 изостаноци просечно по ученик. Просекот на изостаноци за цело училиште изнесува 55, а за 2023/2024 година изнесувал 61.Гледано по профили најредовни биле учениците од профилите Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг, Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг/ бизнис администратор, а најмалку редовни учениците од профиот продавач-референт за продажни услуги и Економски техничар (албански наставен јазик).

**Табела 2.7.7 Изостаноци и поведение по класови**

| Струка / Сектор | Година на образование | Изостаноци | | | | Поведение | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Оправдани | Неоправдани | Вкупно | Просек | Примерно | Добро | Незадоволително | Вкупно |
| Економско - правна и трговска / Економија право и трговија | I година | 2580 | 481 | 3061 | 50 | 49 | 9 | 3 | 61 |
| | II година | 3003 | 740 | 3743 | 63 | 43 | 8 | 8 | 59 |
| | III година | 2030 | 511 | 2541 | 44 | 41 | 14 | 3 | 58 |
| | IV година | 676 | 118 | 794 | 53 | 12 | 2 | 1 | 15 |
| | **Вкупно** | **8289** | **1850** | **10139** | **53** | **145** | **33** | **15** | **193** |

Од прегледот на изостаноци за учениците во учебната 2024/2025 година во ОСУ „Јовче Тесличков“ - Велес може да се утврди дека вкупно се направени 10139 изостаноци или просечно 53 изостаноци по ученик.

Најредовни биле учениците од трета година со направени просечно 44 изостаноци по ученик, а најмалку редовни биле учениците од втора година со направени во просек 63 изостаноци по ученик.

Од прегледот може да се утврди дека 145 ученици ја завршиле учебната година со примерно поведение, 33 со добро и 15 со незадоволително поведение. Шест ученици ја повторуваа годината и тоа,двајца од прва и четворица од втора година.

## 2.8 Методи и техники на оценување и вреднување на учениците

Наставниците ги следат перманентно ученичките знаења во наставата, а воедно и објективно ги оценуваат со примена на современи методи, со што се добива транспарентност во оценувањето како една од важните компоненти за квалитетно образование.

За вреднување и оценување на трудот и залагањата на учениците, наставниот кадар ги користеше следниве методи и техники:

1. Усно оценување
2. Описно оценување
3. Бројчано оценување од 1- 5
4. Писмена работа
5. Тестови на знаења, контролни работи со самостојно изготвување на инструменти за вреднување на знаењата
6. Оценување преку проектна задача

На ниво на активи беа изготвени критериуми за оценување за кои учениците беа информирани, а со кои се постигнува реално вреднување на постигањата на учениците, а исто така и поголема мотивација на учениците за подобрување на личниот успех.

## 2.9 Согледување за реализација на додатна, дополнителна настава и воннаставни активности

Дополнителната настава, како составен дел од воспитно-образовниот процес, се организира за учениците кои покажуваат потешкотии во совладувањето на наставните содржини на одредени предмети. За успешна реализација, секој предметен наставник изготви план за работа кој беше доставен на увид кај директорот и стручната служба на почетокот од учебната година. Учениците имаа можност да користат различни форми на поддршка, прилагодени на индивидуалните потреби, вклучувајќи групна и индивидуална настава, како и упатства за поефикасни методи на учење.

Покрај дополнителната настава, се реализираше и додатна настава насочена кон ученици кои се подготвуваат за натпревари, ученици со изразени знаења и вештини, како и за подготовка на проектни задачи. Наставниците идентификуваа и поддржуваа талентирани ученици во општи и специјализирани области. Плановите за додатната настава, исто така, беа изготвени и доставени до директорот и стручната служба.

Директорот на училиштето изработи распоред за реализирање на дополнителната и додатната настава, кој во целост беше доставен до државниот просветен инспектор во предвидениот законски рок (до 20 септември).

## 2.10 Учество на организирани манифестации и настани организирани од страна на училиштето

Училиштето, преку своите претставници (директор, стручни соработници, наставници, ученици, родители) беа вклучени во сите значајни манифестации на кои училиптето доби покана. Исто така, наведени се и манифестациите кои се организирани од страна на нашето училиште по повод различни настани:

- Преку проектот “Подобрување на квалитетот на образованието“, спроведен од МОН, а реализиран од страна на GOPA Worldwide Consultants, во периодот од август до октомври 2024 година, вработените наставници, стручни сработници и директор од училиштето учествуваа на онлајн обуки наменети за наставници, стручни сработници и директори. Обуките беа на следниве теми:
- Тренинг 1: Вештини за дигитална писменост како клучна компетентност на наставниците - 2 учесници
- Тренинг 2: Обука за обучувачи за развој на дигитални материјали за учење - 4 учесници
- Тренинг 3: Инклузивна педагогија -12 учесници
- Тренинг 4: Обука на обучувачи за методи на поучување за активирање на учениците, формативно оценување, поддржувачка и инклузивна средина за учење и самооценување и меѓусебно оценување на наставниците – 3 учесници
- Тренинг 5: Обука на обучувачи за методи на поучување за активирање на учениците, формативно оценување, поддржувачка и инклузивна средина за учење и самооценување и меѓусебно оценување на наставниците - 20 учесници
- Тренинг 6: Вештини за дигитална писменост во училницата – 12 учесници
- Тренинг 7: Имплементација на Националните стандарди за дигитални постигања на учениците во средно образование - 3 учесници
- Тренинг 8: Вештини за дигитална писменост во училницата – напреден - учесници
- Тренинг 9: Обука за наставници и стручни соработници, за работа со ученици со посебни потреби во стручните училишта, а според ревидирани наставни програми (само за стручни училишта) – 4 учесници.
- Наставниците според нивните потреби ги бираа и следеа соодветните тренинзи, наставникот по информатика Антонио Пановски беше одговорен за техничка поддршка, а координатор за обуки беше наставникот Радмила Андовска.
- 18.09.2024 год.-Под мотото,,Пешачиме низ велешките маала и сокаци” беше одбележана Европската недела на мобилност во која учество земаа и ученици од нашето училиште,под менторство на предметниот наставник Наташа Михова.
- 20 – 21.09.2024 год. Ученици од нашето училиште заедно со координаторот на мировниот тим во училиштето професор Милка Петровски и со училишниот педагог Билјана Коџабашиева, организираа и реализираа работилница по повод Светскиот ден на мирот. На истата учениците дискутираа, цртаа и твореа на тема ,,Мирот сум јас, мирот си ти, мирот сме сите ние". Исто така, учениците беа дел од Маршот на мирот кој традиционално се одржува 11та година по ред. Овие активности се дел од програмата за Мировно образование на нашето училиште која е воспоставена од страна на Првата детска амбасада ,,Меѓаши".
- 25.09.2024 год.- Работилница со ученици од Iа и Iб клас на тема,,Кој и зошто ни прави притисок? - релизирана од педагогот Билјана Коџабашиева.
- 16.10.2024 год.-Работилница со IIв на тема ,,Развивање на свесноста за сопствените емоции”-реализирана од педагогот Билјана Коџабашиева.(во рамки на спроведување активности за подобрување на менталното здравје и добросостојбата кај учениците и сите чинители во воспитно-образовниот процес).

- 16.10.2024 год.-Работилница со IIIа на тема ,,Работа со млади-Справување со емоции'' Работилницата ја реализираше педагогот Билјана Коџабашиева (по дадени насоки на МОН и БРО)
- На ден 30.09.2024 год. беше формирана Средношколската заедница при ОСУ ,,Јовче Тесличков"- Велес. Претседател - Ана Тодорова, заменик-Суаде Јусуфи, записничар-Јована Димковска.
- На 07.10.2024 год. во просториите на Европската куќа се одржа консултативна средба, во која активно се вклучија ученици од нашето училиште, како и општински панел со претставници од општината и воспитно образовните институции.Темите на средбата беа поврзани со поттикнување на детското учество во локалното планирање и носење одлуки. Консултативната средба е активност во рамки на проектот „Место за растење: Општини посветени на децата“, спроведуван од Првата детска амбасада во светот „Меѓаши“ и Центарот за семејно и детско згрижување КМОП.Како преставник од општина Велес учествуваше проф.Нада Јованова,а како преставник на нашето училиште педагогот Билјана Коџабашиева.
- 17.10.2024 год.се одржаа натпревари во одбојка (женски) и футсал (машки) помеѓу учениците од ОСУ ,,Јовче Тесличков" и ССОУ ,,Димитрија Чуповски" Велес , по повод патрониот празник на нашето училиште. Одговорен предметен наставник Златко Гуцев;
- По повод светскиот ден за борба против трговија со луѓе на 18.10.2024 год.,во просториите на нашето училиште се одржа врсничка едукација на тема: Борба против трговијата со луѓе. На едукацијата учествуваа ученици од прва и втора година. Тие се запознаа со процесот на регрутирање, транспорт и експлоатација на лица – жртви на трговија со луѓе. Целта на оваа активност е да се разбуди вниманието кај младата популација и да се посочи на опасностите кои ги носи трговијата со луѓе. Едукацијата ја изведоа врснички едукатори од Општинската организација на Црвен крст Велес.
- На 22.10.2024 год. во просторите на нашето училиште беше потпишан меморандум за соработка помеѓу нашето училиште и Младинскиот образовен форум.
- 21.10.2024 год.- Нашите ученици беа дел од активноста Јавно говорење каде говореа на тема ,,Имам нешто да кажам за својата иднина”.Учениците се подготвуваа под менторство на професорката Милка Петровски
- 21.10.2024 – Психологот Катерина Ефремова, учествуваше на обука организирана од Здружението за дислексија Ајнштајн на тема „Невидливи предизвици, видливи решенија: практична поддршка за учениците со дислексија“
- 24.10.2024 год.-Во рамки на активностите по повод на патрониот празник на училиштето,педагогот Билјана Коџабашиева реализираше работилница со ученици од I,II,III и IV год. на тема ,,Здрави животни навики”.
- 25.10.2024 – Во рамките на програмата за ментално здравје, психологот Катерина Ефремова организираше работилници со IIа и IIб клас на тема „Контрола на емоциите“.
- 25-26.10.2024 год. проф. Милка Петровски и училишниот педагог Билјана Коџабашиева беа дел од обуката во рамки на проектот,, Промоција на безбедна училишна средина".Обуката беше реализирана во хотел ,,Континентал”Скопје.
- 31.10.2024 год.- Во организација на Средношколската заедница и под менторство на одговорните наставници Милка Петровски и педагогот Билјана Коџабашиева,се реализираше прва Средношколска забава за учебната 2024/25 год.Забавата се реализираше во хотел ,,Гарденија”-Велес.
- 01.11.2024 год.- Наши ученици од прва година со професорката по ликовна уметност Јасна М. Мијакова, беа во посета на ликовна изложба во Ликовниот салон во Велес.
- 03.11.2024 год.- Ученици и професори од нашето училиште земаа учество во трката ,,Велес трча“.

- 07.11.2024 год.-Предавање од Василка Завкова,преставник од Управа за јавни приходи пред учениците од завршните години.
- 11.11.2024 год.- Нашите ученици Ана Тодорова - претседател и Суаде Јусуфи - заменик претседател на Средношколската заедница, заедно со училишниот педагог Билјана Коцабашиева, присуствуваа на Регионална презентација за наградата за ученичко учество ,,најГЛАСни".
- 21.11.2024 год.- Нашите ученици беа дел од едукативните интерактивни активности за превенција на криминал и грижа за заедницата. Овој настан беше реализиран во Младинскиот парк во Велес, во организација на Бирото за јавна безбедност.
- 25.11.2024 – Велешката Општа болница во соработка со ЗГ „Раст“ организираа едукативно предавање на тема „Рано препознавање на нарушување на растот“ на кое присуствуваше психологот Катерина Ефремова.
- 03.12.2024 - Во рамките на програмата за ментално здравје, психологот Катерина Ефремова организираше работилница со IVа клас на темите „Справување со лутина “ и „Техники на водење на дневник“.
- 03.12.2024 - Во рамките на програмата за ментално здравје, психологот Катерина Ефремова организираше работилница со IVа клас на тема „Завземање позитивен став“.
- 04.12.2024 год.- По повод 5 декември, Светски ден на волонтеризмот, од општинската организација на Црвениот крст при општинската организација Велес, нашето училиште доби признание за поддршка и реализација на активности на Црвен крст на РСМ.
- 28.11.2024 год. – Според насоките на МОН и програмата за ментално здравје педагогот Билјана Коцабашиева одржа работилница со учениците од 1а на тема ,,Саморегулација".
- 10. – 12.12.2024 год. - 7 ученици од нашето училиште под менторство на професорката Милка Петровски, учествуваа на подготвителен тренинг каде учесниците ќе ги зајакнат своите капацитети и ќе подготват симулација на процес на носење на одлуки во училиштата.
- Овој подготвителен тренинг е една од активностите на проектот ,, Кога учениците одлучуваат" во кој е избрано нашето училиште и училишта од Струмица, Битола и Кочани. Овој проект го имплементира здружението ЛЕАД со финансиска поддршка од Совет на Европа преку Европска младинска фондација.
- 16.12.2024 год. – Врачена Благодарница за настанот Генералка Викенд 2024 г.во просториите на Општина Велес.
- 17.12.2024 год.- Во рамки на проектот ,,Промоција на безбедна училишна средина" дел од нашите наставници и стручни соработници го следеа онлајн ЕдуЛаб вебинарот ,,Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство-примери на добри пракси”.
- 19.12.2024 год. – Школскиот педагог одржа работилница со учениците од 1г на тема ,,Справување со лутина “.
- 20.12.2024 год.- Во соработка со ОО на Црвен крст-Велес, а поддржана од училишната заедница на ОСУ ,,Јовче Тесличков ", беше реализирана работилница, на која учениците изработија Елка на Хуманоста.Учениците ја покажаа хуманоста на дело, со тоа што подготвија новогодишни пакетчиња за деца од социјално загрозени семејства.
- 23.12.2024 год.- Учество на ученици на форум на тема ,,Што ни е потребно да живееме живот без цигари?.Настанот се одржа во Европска куќа – Велес, во соработка со СЗО, Институтот за јавно здравје и Медицински факултет – Скопје.
- 23. – 26.12.2024 год. - во нашето училиште се одржаа две симулации како активности предвидени со проектот ,,Кога учениците одлучуваат".
- Овој проект го имплементира здружението ЛЕАД со финансиска поддршка од Совет на Европа преку Европска младинска фондација.Одговорен наставник Милка Петровски.
- 26.12.2024 – Нашиот ученик Марко Варналиев од 2а е прогласен за најдобар млад спортист на општина Велес.
- 26.12.2024 год.- Општина Велес им ги додели стипендиите на најталентираните ученици и за учебната 2024/2025 година, меѓу кои се најдоа и нашите ученички Марија Ќириќ од 3а клас и Ана Тодорова од 4а клас.

- 20.01.2025 – Ученичката заедница на ОСУ ,,Јовче Тесличков“ организираше ученичка забава во холот на училиштето;
- 21.01.2025 – Инспекторски надзор од страна на Државниот просветен инспектор , Гордан Стојчевски.
- 22.01.2025 – извршена вакцинација против Тетанус на учениците од трета година во просториите на училиштето;
- 27.01.2025 и 05.02.2025 - Во рамките на програмата за ментално здравје,педагогот Билјана Коџабашиева со учениците од 3а и 3б реализираше работилници под наслов ,,Морални дилеми”;
- 03. – 07.02.2025 - се спроведе систематски преглед на учениците од прва и четврта година;
- 05.02.2025 - Во рамките на програмата за ментално здравје, педагогот Билјана Коџабашиева со учениците ид 1а и1в реализираше работилница под наслов ,,Самодоверба”;
- 06.02.2025 – ученичка Марија Нојкова од 2 б клас на Општинскиот натпревар по географија освои максимални 100 поени и се пласира на Регионалниот натпревар.Ментор - наставник Методија Бузалковски;
- 05. – 07.02.2025 –учество во тренингот во склоп на проектот,,Кога учениците одлучуваат", во Хотел,,Гарденија”Велес.Одговорен наставник Милка Петровски;
- 12. – 14.02.2025 – учество на Обука за Ментално здравје,под организација на Прва Детска Амбасада МЕЃАШИ ,земаа нашите професори Нада Јованова и Милка Петровски
- 13.02.2025 – Во организација на Клуб на писатели,,Коста Солев Рацин” – се одбележа Св.Валентајн. Поезија и афоризми за виното и љубовта читаа велешки поети и ученици - средношколци. Дел од настанот беа нашите ученички Марија Бошевска и Марија Нојкова и наставник Жаклина Зафирчева;
- 14.02.2025 – По повод денот на вљубените Св.Валентајн во училиштето се реализираше квиз преку платформата Kahoot со прашања поврзани со Св. Валентајн, како и игра "How well do you know your friend?". Најдобрите ученици кои победија во квизот и играта добија награда од училиштето. На овој настан учествуваа околу 30 ученика од различни класови и ментори беа наставниците Рената Софијанова Николова и Марија Левкова Куновска;
- 14.02.2025 - ученици од 1- а клас од нашето училиште, беа учесници на Дебатата по повод 14 Февруари. Настанот се одржа во просториите на Европската куќа, во организација на Младинскиот центар и Skill up академијата, по повод Денот на вљубените;
- 14.02.2025 – со одобрение на МОН и БРО во нашето училиште се реализираше работилница за кариерно советување.Оваа програма се спроведува со поддршка на Британската амбасада во Скопје;
- 17.02.2025 - во нашето училиште гости беа претставници од Министерството за одбрана и Воената академија, професионални војници и офецери на АРМ кои одржаа предавање на тема ,,Популаризација на Армијата”. Тие ги информираа учениците за професијата војник, за условите за прием во службата, нивните обврски и придобивки. Предавањето се реализираше со ученици од завршните години;
- 20.02.2025 — во рамки на проектот,,Промоција на безбедна училишна средина" се одржа работилница под наслов ,,Дизајнерско размислување за решавање предизвици во училиштето" на која учествуваше Училишниот тим составен од учениците: Марко Варналиев, Александра Станојковиќ, Давид Димитриев, Елена Петрова, Јована Димковска, училишниот педагог Билјана Коџабашиева и наставниците Радмила Андовска и Милка Петровски;
- 20.02.2025 - Работна средба со компанијата „Маркарт“ заради реализацијата на предметот Учењето преку работа кај работодавач кој е комплексен процес и планирање на идни активности и придобивки за градење на подобра поврзаност меѓу образованието и стопанството, со цел создавање на компетентни и успешни млади професионалци. Одговорни наставници Ангелина Мачавелова и Каролина Манаскова;

- 21.02.2025 – учениците Меланија Андова,Александра Кочевска,Елиф Демир и Дамјан Кимовски учествуваа на настан по повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик;
- 24.02.2025 – учениците од 1а клас го посетија Државниот архив на РСМакедонија,одделение Велес каде се запознаа со процесот на чување,заштита и користење на архивскиот материјал како значајно културно наследство;
- 25.02.2025 – Учество на 19 ученици од III и IV година на училиштниот круг од Економската Олимпијада 2025 година, во организација на Институтот Либерална Алтернатива, со поддршка од Economic Fundamentals Initiative. Ова натпреварување се одржува во 8 региони на Република С. Македонија и преставува исклучитена можност да се поттикне критичкото размислување, економската писменост и аналитичките вештини кај учениците - учесници. Одговорни наставници Каролина Манаскова и Радмила Андовска;
- 27.02.2025 – наставникот Милка Петровски и педагогот Билјана Коџабашиева беа дел од работилницата што се одржа во Европска куќа под наслов „Ctrl+Alt+Defend: Научи како да ја прекинеш нишката“ ;
- 28.02.2025 – Се одржа завршен настан на проектот ,,Кога учениците одлучуваат'' организиран и релизиран од организацијата LEAD. Нашите ученици организираа и реализираа обука на тема ,,Учиме, учествуваме, влијаеме''.Обуката се одржа во Европска куќа – Велес;
- 03.03.2025 – учениците од 1б го посетија Државниот архив на РС Македонија, одделение Велес;
- 04.03.2025 – презентација пред матурантите од страна на д-р Андреј Лисец,вонреден професор на GRM,Ново место,Словенија.
- 06.03.2025 - На литературниот конкурс распишан од Локална библиотека ,,Гоце Делчев'' Велес и Клуб на писатели ,,Коста Солев Рацин'' Велес, ученичката Марија Бошевска, под менторство на проф. Жаклина Зафирчева, го освои второто место. Конкурсот беше распишан по повод 8 Март - Меѓународниот ден на жената, на тема ,,Силата на мајчиното срце'';
- 07.03.2025 – Инспекторски надзор од Општинскиот просветен инспектор ,д-р Македонка Виларова.
- 07.03.2025 - Под мотото ,,Поттикни акција'', се одржа осмомартовски марш на кој учество земаа и голем дел од нашите ученици. Настанот беше организиран од Општина Велес;
- 07.03.2025 – учениците од профилот Дигитален маркетинг изработија и поделија честитки по повод 8Март – денот на жената;
- 10.03.2025 – презентација пред матурантите од страна на преставници на Технолошко-техничкиот факултет Велес;
- 11.03.2025 - Турнир во Уличен баскет – 3+3.Помеѓу учениците во класовите се направи елиминација,а потоа меѓу класовите од секоја година поединечно.Во финалето играа ученици од 2а и 3а,а победник на турнирот беше тимот од 2а. Одговорен наставник Златко Гуцев;
- 11.03.2025 – Учениците од III-А и III-Б клас, во рамки на наставната програма по предметот СПУ-Ученичка компанија-претприемачка практика за млади, реализираа едукативна посета во Централниот регистар. Оваа посета имаше за цел да ги запознае учениците со процесот на регистрација на трговско друштво и практичните чекори што ги преземаат идните претприемачи при основање на бизнис. За време на посетата, претставник од Централниот регистар ги запозна учениците со типовите на трговски друштва, неопходната документација за пријава, како и со законските обврски на новорегистрираните фирми. Учениците имаа можност да поставуваат прашања и да добијат конкретни насоки за основање на сопствен бизнис во иднина. Оваа активност претставува значајно искуство за учениците, бидејќи им овозможува практично да ги поврзат теоретските знаења од наставата со реалните процеси во деловниот свет.Одговорни наставници Каролина Манаскова, Радмила Андовска и Марија Левкова Куновска;
- 13.03.2025 - На регионалниот натпревар по географија нашата ученичка Марија Нојкова се пласираше на државниот натпревар по географија.Ментор: проф. Методија Бузалковски;

- 14.03.2025 - Традиционално, во чест на Меѓународниот „Пи Ден“ – 14-ти март, учениците од Училишната Маркетинг Агенција реализираа математичко - логички квиз. Освен одмерување на своите математички знаења и решавањето на логички проблеми, квизот имаше и едукативна цел. А преку неговата реализација исто така се се поттикнува развивање на тимската работа и дружењето меѓу учесниците - ученици од прва година. Победници на квизот беа Јована Димковска и Александра Станојковиќ од Iб клас.Одговорни наставници Горан Цветановски, Каролина Манаскова и Радмила Андовска;
- На ден 15.03.2025 год., на општинскиот натпревар по Англиски јазик организиран од ЕЛТАМ, нашите ученици Викториа Јовановска од 1 година, Марија Ќириќ од 3 година и Марија Ивановска од 3 година освоија трета награда и се пласираа за учество на регионален натпревар. Ученичката Јована Димковска од прва година доби пофалница за учество. Ментори беа професорките по Англиски јазик Рената Софијанова Николова и Марија Левкова Куновска ;
- 25.03.2025 - презентација пред матурантите од претставници од Интернационален Балкански Универзитет Скопје за учениците од завршните години;
- 25.03.2025 - просториите на Академијата Creative Hub Macedonia во Скопје беше одржана практична работилница на тема Meta Ads. На работилницата учествуваа 23 ученика на кои им беа доделени сертификати за учество. Одговорни наставници Маја Талеска Панова и Каролина Манаскова;
- 28.03.2025 - во нашето училиште се реализираше работилница за менторство и кариерно советување. Проектот го спроведува Националниот младински совет на Македонија во соработка со Мрежата Стела.Одговорен наставник Македонка Миланова;
- 25 – 27.03.2025 – Училишниот педагог Билјана Коџабашиева беше дел од Обуката за унапредување на капацитетите на стручните служби во училиштата,која се реализираше во Хотел,,Романтик”Велес;
- 28.03.2025 - Нашите ученици Сара Спасева, Дамјан Кимов, Меланија Андова и Кристијан Ѓошов, беа дел едукативниот настан Electionville – игра на под, која ги приближува основните концепти на демократијата и локалното управување преку интерактивна симулација. Овој настан го организираше Европска куќа Велес заедно со Embassy of Sweden in Skopje. Ученици Меланија Андова и Кристијан Ѓошов се дел од победничкиот тим од нашиот град и ќе се натпреваруваат со останатите тимови од мрежата на Европска куќа низ земјата во финалето кое ќе се одржи во Собранието на РСМакедонија;
- 28.03.2025 – Учество на Хуманитарен турнир во одбојка (девојчиња) помеѓу преставници од сите јавни средни училишта во Велес.Одговорен наставник Златко Гуцев.
- 28.03.2025 - Нашите ученици од ОСУ „Јовче Тесличков“ беа дел од практична работилница во @creativehubmacedonia на тема Meta Ads!
- 28.03.2025 - Во нашето училиште се реализираше работилница за менторство и кариерно советување,во рамки на проектот кој го спроведува Националниот младински совет на Македонија во соработка со Мрежата Стела.
- 07.04.2025 – Спроведен Инспекциски надзор од страна на Државниот продветен инспектор Гордан Стојчевски.
- 07.04.2025 - Презентација пред матурантите од претставници од МИТ.
- 09.04.2025 - Во рамките на проектот за унапредување на мултикултурализам и меѓуетничка интеграција нашите ученици од прва и втора година, под менторство на професорите Марија Левкова Куновска, Суат Усејнов, Милка Петровски, Радмила Андовска и педагогот Билјана Коџабашиева реализираа успешна посета на повеќе објекти во град Скопје;
- 10.04.2025 - Ученичките Марија Нојкова и Теа Стојанова, под менторство на проф. Жаклина Зафирчева, учествуваа во промоцијата, читајќи поезија од почитуваниот автор Божидар Јовиќ;

- 10.04.2025 - Во хотел „Гарденија“ – Велес, се одржа Регионалниот натпревар за најдобра ученичка компанија (Џуниор Ачивмент Македонија). Во рамки на Програмата за ученички компании, учениците учат како да ја претворат бизнис-идејата од концепт во реалност.На натпреварот се преставија нашите 3 компании:ДОО „Eco Connect“ – веб-платформа и апликација за подигање на еколошката свест, ДОО „Playful Pages“ – компанија која креира сликовници, детски игри и едукативни материјали, ДОО „Crafty-JT“ – компанија која креира игра за учење на англиски јазик. Ученичката компанија „Playful Pages“ се пласираше на Националниот натпревар за најдобра ученичка компанија со сликовницата „Стари детски игри“;
- 11.04.2025 - Презентација пред матурантите од претставници од Факултетот за безбедност – Скопје;
- 14.04.2025 - По повод Денот на Командата на обука и доктрини -15 Април, нашите ученици ја посетија касарната ,,Алексо Демниевски – Бауман” – Велес. Одговорни за настанот: проф. Златко Гуцев и училишен педагог Билјана Коџабашиева.
- 15.04.2025 - Во рамки на проектот ,,Промоција на безбедна училишна средина" во просториите на Европска Куќа во Велес се одржа форум тетар на тема ,,Стоп за врсничкото насилство". Форум тетарот беше фасилитиран од страна на Љупка Ристовски и Владо Караев кои се истакнати стручни лица во реализацијата на активности од овој тип. Проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ се спроведува од страна на Коалицијата на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, Првата Детска Амбасада во светот „МЕЃАШИ“ и СМАРТ АП - Лабораторија За Социјални Иновации.Одговорни наставници:Милка Петровски и педагог Билјана Коџабашиева.
- 16.04.2025 – Учениците Марија Нојкова, Теа Стојанова, Леонид Велинов, Лука Петров, Марија Петкова, Викториа Јовановска и Филип Спиров од нашето училиште имаа чест да бидат дел од еден посебен час по Иновации во ОУ „Св. Кирил и Методиј“, каде што пред деветоодделенците ја претставија нашата струка економија, право и трговија. Одговорен наставник Маја Талевска Панова.
- 16.04.2025 - Во посета ни беа учениците од 4 одделение од ООУ „Панко Брашнаров“ – Велес. Тимот на Ученичката компанија "Playful Pages" беше домаќин и учениците имаа можност да видат како изгледаат документите за ученичка компанија, да ги пополнат и да се запознаат со нивната идеја.
- 17.04.2025 – Учество на Велигденски базар во Младински парк на ученици од нашето училиште со свои лични изработки. Одговорни наставници Рената Софијанова Николова и Милка Петровски.
- 22.04.2025 - Презентација пред матурантите од претставници Меѓународен Славјански Универзитет - Свети Николе.
- 23.04.2025 – Инспекциски надзор на Санитарен инспектор од Центарот за Јавно здравје.
- 24 – 25.04.2025 – Шест освоени медали на натпреварите МАССУМ 2025 во Кавадарци, за ОСУ ,,Јовче Тесличков" Велес:
- Второ место во категорија Најдобра веб страна за учениците Леонид Велинов и Филип Спиров, ментор проф. Антонио Пановски;
- Второ место за Најдобар штанд под менторство на проф. Македонка Миланова и педагог Билјана Коџабашиева;
- Трето место во категорија Јавен говор за Мерве Исмаилова, ментори проф. Жаклина И. Зафирчева и Маја Талеска Панова;
- Второ место за Суада Јусуфи во категорија Јавен говор на албански јазик, ментор проф. Милка Петровски;
- Трето место за Најдобро кариерно портфолио за Марија Бошевска, ментори проф. Нада Јованова и педагог Билјана Коџабашиева
- 25.04.2025 - во просториите на Општина Велес се одржа презентацијата на предлог програмата на кандидатите номинирани за членови на Локалниот младински совет. Нашиот ученик Марко Варналиев како номиниран член од страна на училишната заедница се претстави со своја предлог програма која е целосно насочена кон младите и нивната вклученост во општеството. По спроведената презентација и процес на гласање Марко Варналиев е избран за еден од 7те членови на Собранието.

- 26.04.2025 - Нашите ученички Ангела Анастасова, Искра Ризовска, Ана Тодорова и Емили Петрова – ученици од трета и четврта година, вчера го претставија училиштето на Регионалниот круг од натпреварот, кој се одржа на Економскиот факултет при УГД – Штип.Тие земаа учество на „Економска Олимпијада 2025“.
- 26.04.2025 - тим од наши ученици информираа за можностите и предностите кои ги нуди струката „Економија, право и трговија“ и тоа на час по предметот Иновации во деветто оделение во ОУ „Блаже Конески“ Велес.Одговорен наставник Каролина Манаскова.
- 28.04.2025 - Работилница со професорите од ОСУ ,,Јовче Тесличков" - Велес на тема: Перфекционизам и нарцизам кај професори и адолесценти. Реализатор - психолог Иле Махлијанов.
- 30.04.2025 – Училишниот педагог Билјана Коџабашиева реализираше Работилница на тема „Мојот елемент“,со учениците од 1а и 1б.Оваа работилница е дел од насоките дадени од МОН и БРО.
- 04. – 05.05.2025 – Реализирана дводневна наставно – научна екскурзија за учениците од втора година.Одговорни наставници Антонио Пановски и Љупчо Петров.
- 06.05.2025 – Промоција на сликовницата „Стари детски игри“– креативно дело на ученичката компанија Playful Pages од ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес. Автори на оваа уникатна сликовница се учениците: Ива Петровска, Ангела Анастасова, Симона Крстевска, Искра Ризовска, Максим Чукниев и Данче Лазов, под менторство на проф. Радмила Андовска и со поддршка од проф. Каролина Манаскова.
- 06.05.2025 – Реализирана работилница за Кариерно советување со ученици од 3а и 3б. Работилницата ја реализираше фасилитатор Василија Јорданова – психолог.
- 06.05.2025 - Училишниот психолог Иле Махлијанов одржа работилница со ученици на тема „Внатрешен Мир среде Бура“ за справување со стрес и конфликти преку самосвесност и емоционална саморегулација.
- 06.05.2025 - Учениците Марија Нојкова, Леонид Велинов, Лука Петров и Александра Станојковиќ имаа можност да бидат дел од презентација за нашето средно училиште во ООУ „Васил Главинов“ Велес.
- 07.05.2025 - во просториите на Собранието на Република Северна Македонија, се одржа големото финале на „Electionville“ – едукативна и интерактивна игра која го симулира процесот на локално владеење и донесување одлуки. Настанот беше организиран во соработка меѓу Амбасадата на Шведска, Делегацијата на Европската Унија, мрежата на Јуроп хаус и Собранието на Република Северна Македонија. Учесници од нашето училиште беа Меланија Андова,Сара Спасева и Кристијан Ѓошов.
- 08.05.2025 - Наши ученици присуствуваа на Саем на книгата 2025 во арената ,,Борис Трајковски" во Скопје. Одговорен професор Жаклина И. Зафирчева.
- 07. – 10.05.2025 – Присуство на предметниот наставник Радмила Андовска и училишниот педагог Билјана Коџабашиева на Основен тренинг за градење мир и мировно образование, што се реализираше во рамките на Програмата за мировно образование, во хотел Скардус, Тетово. Оваа активност е во согласност со обновениот Меморандум за соработка помеѓу Детската амбасада МЕЃАШИ и Министерството за образование и наука (МОН),
- 09.05.2025 – Учениците се вклучија во активноста под мотото ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД 2025.Одговорен наставник Наташа Михова.
- 10.05.2025 - На државниот натпревар по англиски јазик, ученичката Марија Ивановска освои втора награда, а Марија Ќириќ трета награда. Ментор проф. Рената Софијанова Николова.

- 14.05.2025 - Дигиталните маркетари од нашето училиште се ставија во улога на ментори и соработници на деветтоодделенците од ОУ „Св. Кирил и Методиј“. Заедно работеа на дигитализација на нивните бизнис идеи – со практична примена на знаењата од дигиталниот маркетинг. Одговорен наставник Маја Талевска Панова.
- 14.05.2025 – Како дел од наставната програма по предметот Право и државно уредување учениците од нашето училиште имаа можност да ја посетат Општината и да се запознаат одблизу со работата на локалната самоуправа. Тие остварија средба со Градоначалникот и имаа можност да слушнат за неговите надлежности, визијата за развој на општината, како и важноста од учество на младите во носењето одлуки.Одговорен наставник Милка Петровски.
- 15.05.2025 – Во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“,во нашето училиште се одржа Работилница со дел од предметните наставници, стручната служба и директорот. Работилницата ја реализираше менторката за овој дел од проектот Зага Колодезни.
- 18. – 23.05.2025 – Реализирана екскурзија за 3 и 4 година во Италија.Одговорни наставници Македонка Миланова и Нада Јованова.
- 21.05.2025 - Учество на ораторскиот натревар одржан под слоган „ЗБОР СО КОРЕН, ГЛАС СО СИЛА! Учесници од нашето училиште беа учениците: Мерве Исмаилова од прва година, Марко Варналиев од втора година и Суаде Јусуфи од трета година. Ученичката Мерве Исмаилова ја освои втората награда. Ментор: проф. Милка Петровски.
- 22.05.2025 – Нашето училиште,со дел од учениците и вработените учествуваше на Отворениот ден на ООУ„Блаже Конески" и ги престави сите профили во кои може деветооделенците да се запишат и да го продолжат своето образование.
- 26.05.2025 – Во рамки на проктот „Промоција на безбедна училишна средина“ училишниот педагог кој е воедно и директно вклучен во него,со 10 ученици од 1 и 2 година направи „Обука за врсничко насилство“.Учениците беа запознати кои методи и техники можат да ги користат и како самостојно ,како тим можат да реализираат Работилница со своите врсници.
- 28.05.2025 - Се одржа Отворен ден, каде пред деветтоодделенците беа претставени можноститете што ги нудиме за средно стручно образование. На штандовите и во кабинетите, деветтоодделениците имаа можност лично да видат кои образовни профили тука се изучуваат. Со свои штандови се претставија деловните партнери со кои имаме склучено меморандуми за соработка, и каде нашите ученици успешно ја реализираат практичната настава. Деветтодделенците учествуваа и во забавни игри, од областа на економијата, каде што се запознаа со позначајнит економски поими.
- 02.06.2025 - во рамките на проектот за Развој и унапредување на мултикултурализам, меѓуетничка интеграција и толеранција, со наши ученици од прва и втора година,а под менторство на професорите Марија Левкова Куновска, Суат Усејнов, Нехат Зенели, Милка Петровски, Радмила Андовска и педагогот Билјана Коџабашиева се реализираше работилница во кабинет 17 во просториите на училиштето Работилницата беше со тема „Почит и толеранција кон различности и методи за ненасилна комуникација“. Присутни како гости на работилницата беа Нуран Кадриу Џамбази и Лиридона од МОН, на кои им се заблагодаривме на соработката и изразивме желба за идна поголема соработка на нашето училиште со МОН.На сите ученици вклучени во проектот се поделија Благодарници и папки со тетратки и пенкала,како мало внимание за придонесот за успешна реализација на проектот.
- 03. – 07.06.2025 – Учество со штанд на училиштето на Спортски игри Велес.Одговорни наставници Рената Софијанова Николова,Радмила Андовска и Милка Петровски.
- 04.06.2025 - Во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, во нашето училиште училишниот педагог Билјана Коџабашиева одржа Работилница со родители на 2 теми „Родителски стилови“ и „Врсничко насилство“.

- 08.06.2025 - Учество на маратон „Трчаме за Рацин“ група ученици и професори:Милка Петровски,Ангелина Мачавелова, Рената Софијанова Николова)
- 09.06.2025 - Организација и доделување на Благодарници на учениците за афирмација на училиштето од страна на Раководниот орган на училиштето - Васко Трајковски,професор – Милка Петровски и училишниот педагог Билјана Коцабашиева
- 13.06.2025 - Учество на трибина за македонскиот јазик во Локалната библиотека „Гоце Делчев“,која беше дел од одбележувањето на големиот јубилеј – 80 години од прогласувањето на македонскиот стандарден јазик,а во рамките на 62.Рацинови средби.Учество земаа училишниот педагог Билјана Коцабашиева,професорката Радмила Андовска и професорката Милка Петровски.

### 2.10.1. Учество во проекти во тековната година

#### Проект: Промоција на безбедна училишна средина

Во оваа учебна година, училиштето беше селектирано да учествува во проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, спроведуван под покровителство на Министерството за образование и наука. Проектот има за цел да овозможи унапредување на правата на децата преку обезбедување квалитетно образование во безбедна, парципативна и поддржувачка училишна средина. Нашето училиште е едно од 25-те средни училишта на национално ниво кои се вклучени во имплементацијата на овој двегодишен проект. Во рамките на активностите, ученици од Средношколската заедница, под менторство на наставничката Милка Петровски и педагогот Билјана Коцабашиева, дизајнираа и аплицираа со ученичка иницијатива под наслов: **„Практикувај безбедна база, направи училишна оаза“**. Оваа иницијатива е насочена кон градење позитивна училишна клима и поттикнување на активно учество на учениците во создавање на побезбедна средина за учење. Проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ се спроведува од страна на Коалицијата на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот Центар за Граѓанско Образование, Првата Детска Амбасада во светот „МЕЃАШИ“ и СМАРТ АП - Лабораторија За Социјални Иновации.

#### Проект за развој и унапредување на мултикулурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција

Училиштето успешно аплицираше и доби грант во рамките на Програмата за меѓуетничка интеграција во образованието, финансирана од Министерството за образование и наука. Целта на овој проект е поттикнување на соживот, меѓусебно почитување и активно соработништво меѓу учениците од различни етнички заедници, како и градење отворена, инклузивна и интеркултурна училишна клима.

Проектниот тим го сочинуваат наставниците Суат Усеинов, Марија Л. Куновска, Радмила Андова, Милка Петровски и педагогот Билјана Коцабашиева. Во рамки на предвидените активности, ученици од прва и втора година реализираа посета на културни и религиски објекти во градот Скопје, вклучувајќи ги: Природно-научниот музеј на Македонија, Соборниот храм „Св. Климент Охридски“, Археолошкиот музеј и Мустафа-пашината џамија во близина на Скопското кале. Целта на овие посети беше да се поттикне разбирањето, толеранцијата и почитувањето на различностите преку директно запознавање со културното и духовното богатство на различните заедници.

На 2 јуни 2025 година, во просториите на училиштето ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес, се одржа работилница на тема: **„Почит и толеранција кон различностите и методи за ненасилна комуникација“**, која претставуваше практичен чекор во насока на зајакнување на интеркултурната комуникација и градење вештини за мирно решавање конфликти.

### Програма: Мировно образование

Во континуитет со претходните години, училиштето активно учествува во **Програмата за мировно образование**, спроведувана од страна на Првата детска амбасада во светот – Меѓаши, во соработка со Министерството за образование и наука. Програмата е насочена кон едукација на учениците за основни вредности како што се мир, ненасилство, почитување на човековите права, толеранција и активно граѓанство.

Во рамките на програмата, наставници и ученици учествуваат во организирање на работилници, интерактивни дискусии и креативни активности кои поттикнуваат миротворен дух и ја унапредуваат културата на дијалог и меѓусебна почит како темелни принципи на демократското општество.

Покрај наведените проекти, училиштето континуирано ги следи јавните повици и можности за вклучување во образовни програми и иницијативи од страна на Министерството за образование и наука (МОН), Бирото за развој на образованието (БРО), Центарот за стручно образование и обука (ЦССО), како и програмите и грантовите понудени од **Националната агенција за европски образовни програми и мобилност**. Со тоа се овозможува континуиран институционален развој, размена на добри практики и професионално усовршување на наставниот кадар.

## II. Мисија на училиштето

**„Обезбедување квалитетен воспитно - образовен процес, преку примена на современи методи на учење, критичко размислување и интегрирање на информатичка технологија и дигитални вештини во наставата, поддршка на самостојноста на ученикот, во процесот на стекнување на знаења, вештини и ставови, за нивна практична примена во реалниот животен контекст, креирање на култура на доживотно учење.“**

Во учебната 2024/2025 година, ОСУ „Јовче Тесличков“ ја продолжува својата мисија за обезбедување квалитетен воспитно-образовен процес, преку примена на современи методи на настава, критичко размислување, дигитални вештини и интеграција на информатичката технологија. Учениците се поддржани да развиваат знаења, вештини и ставови применливи во реалниот живот, во насока на создавање култура на доживотно учење.

Наставниот процес е насочен кон индивидуален развој на секој ученик и стекнување општи и стручни компетенции, подготвувајќи ги младите за понатамошно образование и вклучување во современото мултикултурно и демократско општество. Истовремено, училиштето создава позитивна, безбедна и поддржувачка средина, базирана на доверба, почит и активно учество на учениците, наставниците, родителите и локалната заедница.

Училиштето ја реализира својата мисија преку:

- спроведување иновативна и инклузивна настава;
- поддршка на модуларна настава насочена кон интересите и кариерата на ученикот;
- развој на дигитални и претприемнички компетенции;
- активна соработка со локалната бизнис-заедница преку договори за дуално образование;
- практична обука во реална работна средина преку концептот „учење преку работа“;
- адаптација кон локалните и глобалните општествени и економски промени.

Преку дуалното образование, училиштето создава компетентен, креативен и етички освестен кадар кој придонесува за одржлив општествен и економски развој. Воведувањето на нова квалификација како Техничар за е-трговија и дигитален маркетинг, е дел од стратегијата за дигитална трансформација и одговор на пазарните потреби.

Во рамките на слободните училишни активности, три функционални маркетинг агенции претставуваат модел за трансфер на знаења во практична примена, каде учениците развиваат реални деловни вештини и компетенции.

Наставниот кадар е посветен на создавање отворена и соработувачка училишна клима, која ќе го поттикнува критичкото размислување, креативноста и личниот развој на учениците, подготвувајќи ги за активно учество во современото општество и на пазарот на трудот.

## Основни насоки за реализација на мисијата:

- Примена на современи образовни технологии;
- Развивање компетенции од областа на економијата, правото, бизнисот и претприемништвото;
- Подготовка на учениците за пазарот на труд, како и за општествен и културен ангажман;
- Поттикнување критичко размислување и креативност;
- Развивање животни и социјални вештини;
- Решавање конфликти на конструктивен начин;
- Градење професионални вредности како составен дел од стручното образование.

## Мото на училиштето

**„Биди и ти успешна приказна“**

## III. Визија на училиштето

**„Придонес во развивањето на европските образовни вредности преку обезбедување на сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование насочено кон „ученикот“, кое му овозможува стекнување со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на демократското мултикултурно општество и новите предизвици на пазарот на трудот.“**

- Во учебната 2024/2025 година, визијата на ОСУ „Јовче Тесличков“ остана насочена кон промовирање и развој на европските образовни вредности преку обезбедување сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование фокусирано на ученикот. Овој пристап овозможува стекнување на знаења, вештини и компетенции што соодветствуваат на потребите на демократското и мултикултурното општество, како и на современите предизвици на пазарот на трудот.
- Во реализацијата на оваа визија, училиштето особено се фокусира на одржување и унапредување на позитивниот однос кон учењето кај младите, со цел формирање активни граѓани со изразени лични, социјални и професионални компетенции. Се поттикнуваше развој на критичко мислење, креативност, иницијативност, решавање проблеми, донесување одлуки и социјална инклузија – вредности кои се клучни за личен и професионален успех, но и за понатамошно образование или вработување.
- Современо опремените училници и кабинетите овозможуваат интеграција на теоретски и практични знаења, што придонесе кон целосен развој на ученикот: интелектуален, етички, физички и социјален. Целта е да се подготват квалитетни кадри за стопанството и јавната администрација, особено во струките економија, право и трговија. Училиштето не само што обезбедува стручна оспособеност, туку и го подготвува ученикот за животно учење, самостојно критичко мислење и активно учество во општеството.

Во воспитно-образовниот процес се вложува во создавање здрава и стабилна личност од аспект на менталното, физичкото и социјалното здравје. Училиштето континуирано ги приспособува своите наставни програми на локалните и глобалните промени и ги следи трендовите преку соработка со Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука.

Тимската работа на наставниците е суштинска за реализација на визијата. Предметите се поврзуваат со реалниот сектор и професионалните организации, со што се создава контекст на учење што ја подготвува младата личност за предизвиците на секојдневниот и професионалниот живот.

**Вредности кон кои се стремевме во учебната 2024/2025**:

- **Квалитетна настава:** Образование што овозможува стекнување стручни компетенции неопходни за конкурентност на пазарот на труд и за натамошна академска надградба;
- **Слобода на изразување и делување:** Поттикнување на слободно и одговорно искажување ставови кај учениците и наставниците, во духот на меѓусебно почитување и толеранција;
- **Интегритет:** Почитување на етички стандарди, фер однос и обезбедување еднакви можности за напредување на сите вработени и ученици во училиштето.

## IV. Подрачја на промени и приоритети

**Приоритетни подрачја и потреби за тековната 2024/2025 учебна година**

Развојниот тим при ОСУ „Јовче Тесличков” поаѓајќи од потребите и интересите на учениците и наставниците, а во согласност со реалните можности на училиштето и направената анализа од самоевалуацијата ги утврди како приоритети за промена следниве подрачја:

**Прв приоритет: Континуиран развој на наставниот процес во чекор со современите трендови**
**Втор приоритет: Одржување на висок степен на организациска клима и култура во училиштето**
**Трет приоритет: Обезбедување на квалитетни и современи материјални ресурси за работа**

### 1. Континуиран развој на наставниот процес во согласност со современите образовни трендови

- **Цел 1.1**: Да се побара поддршка од надлежните институции за воведување нови, атрактивни образовни профили и модули, со цел унапредување на уписната политика и зголемување на интересот кај идните ученици.
- **Цел 1.2**: Да се применуваат интерактивни методи и информатичко-комуникациски технологии во наставата, со цел создавање поттикнувачка и мотивирачка средина за учење.
- **Цел 1.3**: Да се иницира поголема поддршка од надлежните институции за учество на училиштето во национални и меѓународни проекти, со цел зголемување на вклученоста на наставниците и учениците во квалитетни образовни активности и вонннаставни програми.

## 2. Одржување на висок степен на организациска клима и училишна култура

- **Цел 2.1**: Подобрување на наставната атмосфера и позитивна клима за време на часовите, со акцент на взаемна почит и продуктивност.
- **Цел 2.2**: Зајакнување на соработката меѓу сите чинители во воспитно-образовниот процес – ученици, наставници, родители и локалната заедница.

## 3. Обезбедување на квалитетни и современи материјални услови за работа

- **Цел 3.1**: Обезбедување дополнителни финансиски средства за капитални инвестиции, вклучително:
  - нова фасада на училиштето,
  - обнова на подовите во кабинетите,
  - реновирање на санитарните јазли,
  - подобрување на условите во спортската сала.
- **Цел 3.2**: Уредување и озеленување на училишниот двор, со цел создавање пријатна надворешна средина за престој и активности на учениците.
-

# V. Развојни цели

| **ПРИОРИТЕТ I. Континуиран развој на наставниот процес во чекор со современите трендови** | |
|---|---|
| **ЦЕЛ 1.1.** Барање поддршка од надлежните институции за воведување на нови поатрактивни профили заради унапредување на уписната политика, воведување на нови смерови и модули, со цел упис на поголем број ученици и ученици со повисок општ успех од основно образование | |
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
| 1. Моменталната политика која се води на ниво на држава која е насочена само кон поддршка на техничките струки во техничките стручни училишта;<br>2. Моменталната слаба заинтересираност на учениците за моменталните профили во струка економија, право и трговија;<br>3. Немање на доволно поддршка од Центарот за средно | 1. Добивање на поголема поддршка од центарот за средно стручно образование, од локалната самоуправа и од МОН за промовирање на струката на национално ниво;<br>2. Добивање на дозвола за воведување на нови атрактивни профили во согласност со барањата и потребите на бизнис заедницата и современиот начин на живот; |

| | |
|---|---|
| стручно образование;<br>4. Непостоење на законска регулатива која го штити профилот продавач и која би дала предност при вработување. | 3. Формирање на законска регулатива за заштита на сите профили од струката економија, право и трговија. |
| **Фактори на поддршка** | **Стратегии за засилување на факторите** |
| 1. Истакнување на фактот дека економијата и правото се столбови на општеството;<br>2. Учењето на претприемништвото, што е наша примарна цел, е носечки постулат во сите европски развиени земји и истиот е клучен за раст и развој на економијата | 1. Со добиената поддршка од сите релевантни напоменати институции преку активна маркетинг кампања да се промовира важноста на учењето претприемништво, економија и право; |
| **ЦЕЛ 1.2.** Примена на интерактивни методи и ИКТ во наставата со цел да се подобри средината на учење која учениците треба да ја доживуваат како мотивирачка средина, а начинот на кој се учи интересен | |
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
| 1. Немање на доволно техничка опременост (ЛЦД проектори за да се поврзат со лаптопите, смарт табли и телевизори) со цел максимална дигитализација на часовите со физичко присуство и осовременување на наставата;<br>2. Недоволна едуцираност за користење на технологија од страна на некои ученици;<br>3. Не се организираат обуки од страна на овластени провајдери за надградба на стручните знаења на наставниците. | 1. Изнаоѓање на начини за добивање финансиски средства за набавка на техничка опрема за осовременување на наставата;<br>2. Подигнување на дигиталните вештини на учениците кои не ги поседуваат;<br>2. Поттикнување на личен и професионален развој на наставниците преку посета на обуки од страна на овластени провајдери. |
| **Фактори на поддршка** | **Стратегии за засилување на факторите** |
| 1. Употреба на сопствени финансиски средства на училиштето и изнаоѓање на дополнителни извори на финансирање- бизнис заедницата, локалната самоуправа и аплицирање на проекти на државно ниво;<br>2. Постои обучен тим за аплицирање на проекти за обука на наставници. | 1. Зајакнување на врските со бизнис заедницата и локалната самоуправа;<br>2. Опфаќање на што поголем број на наставници кои ќе аплицираат во проекти и ќе посетуваат обуки. |

| **ЦЕЛ 1.3.** Да се побара поголема поддршка од надлежните институции за вклучување на училиштето во поголем број на национални и интернационални образовни проекти за наставници и ученици, со цел поттикнување и вклучување на поголем број ученици во воннаставните активности и национални и интернационални образовни проекти. | |
|---|---|
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
| 1. Неизвесноста околу прифаќањето на одредена апликација за проект;<br>2. Мал број на обучени наставници за пишување на апликации за проекти. | 1. Поголема подготвеност и обученост на што поголем број на наставници кои ја пишуваат апликацијата за проект. |
| **Фактори на поддршка** | **Стратегии за засилување на факторите** |
| 1. Имаме тим на наставници кои веќе имаат солидно искуство со пишување на апликации за проекти. | 1. Овозможување на обученост кај поголем број наставници од училиштето кои ќе бидат подготвени да изработат апликации за проекти (посета на обуки за пишување на апликации). |

| **ПРИОРИТЕТ II. Одржување на висок степен на организациска клима и култура во училиштето** | |
|---|---|
| **ЦЕЛ 2.1.** Подобрување на климата за време на часовите | |
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
| 1. Ученици со слаб успех;<br>2. Ученици со слаба мотивација;<br>3. Недоволно развиена емоционална интелегенција кај дел од учениците;<br>4. Отсуство на можности за професионален развој кај | 1. Организација на обуки за развој на емоционална интелегенција;<br>2. Лично или организирано барање на можности за професионален развој кај наставниот кадар. |

| | |
|---|---|
| наставниот кадар. | |
| **Фактори на поддршка** | **Стратегии за засилување на факторите** |
| 1. Колегијалност, добронамерна и ненавредлива критика, толерантност и меѓусебно почитување; | 1. Зголемување на мотивацијата и одговорноста на наставниците и учениците за сопствен развој;<br>2. Примена на систем на пофалби и награди на наставници и ученици; |
| **ЦЕЛ 2.2.** Зацврстување на врската помеѓу сите чинители во воспитно- образовниот процес | |
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
| 1. Недоволна заинтересираност од страна на одреден број родители за соработка со училиштето;<br>2. Одредена структура на ученици не соработува доволно со наставниот кадар; | 1. Координирана соработка со социјалната служба за активирање на поголема соработка со одреден број родители;<br>2. Индивидуален пристап кон учениците од страна на наставниците и педагошко- психолошката служба; |
| **Фактори на поддршка** | **Стратегии за засилување на факторите** |
| 1. Професионален пристап на наставниците кон својата работа;<br>2. Професионален пристап на класните раководители, менаџментот и педагошко- психолошката служба во односот со учениците и родителите;<br>3. Високо развиена свест кај вработените за препознавање на предизвиците и подготвеност за справување со истите;<br>4. Почитување на професионалниот кодекс за однесување во училиштето; | 1. Истакнување на значењето на работата и придонесот на наставникот кон воспитно- образовниот процес со цел да се одржи неговата мотивација за личен и професионален развој;<br>2. Одржување на професионалниот пристап на класните раководители, менаџментот и педагошко- психолошката служба во односот со учениците и родителите;<br>3. Негување на високо развиена свест кај вработените за препознавање на предизвиците и подготвеност за справување со истите;<br>4. Континуирано почитување на професионалниот кодекс за однесување во училиштето; |

<table>
<tr><th colspan="2">ПРИОРИТЕТ III. Обезбедување на квалитетни и современи материјални ресурси за работа</th></tr>
<tr><td colspan="2">ЦЕЛ 3.1 Обезбедување на повеќе финансиски средства за потребите на училиштето од видот на капитални инвестиции: нова фасада, нови врати и подови на кабинетите, реновирање на тоалетите, реновирање на спортската сала и спортските терени</td></tr>
<tr><td>Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите</td><td>Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори</td></tr>
<tr><td>1. Недоволна количина на финансии за одржување на капиталните инвестиции и вложување во нови во однос на реалните потреби кои ги има училиштето;<br>2. Недоволна искористеност на други дополнителни извори за финансирање;</td><td>1. Учество во проекти за обезбедување на финансиски средства и изнаоѓање на можности за самофинансирање;<br>2. Зголемување на соработката со бизнис заедницата во насока на обезбедување на дополнителни средства и донации;<br>3. Ефикасно менаџирање со финансиите;</td></tr>
<tr><td>Фактори на поддршка</td><td>Стратеги за засилување на факторите</td></tr>
<tr><td>1. Успешната соработка со локалната самоуправа и МОН;<br>2. Правилно менаџирање со финансиите;</td><td>1. Продолжување на успешната соработка со локалната самоуправа и МОН;<br>2. Континуирано правилно менаџирање со финансиите;</td></tr>
</table>

| ЦЕЛ 3.2. Уредување на училишниот двор и спортските терени | |
|---|---|
| **Отежнувачките фактори кои ја забавуваат реализацијата на целите** | **Стратегии со кои се намалува влијанието на овие фактори** |
| 1. Недоволно наменско издвојување на финансии за уредување на дворот;<br>2. Потребни дополнителни финансии од локална самоуправа наменети конкретно за уредување на дворот и спортските терени; | 1. Да се побара наменско издвојување на финансии за уредување на дворот;<br>2. Аплицирање и изработка на проекти и елаборати за обезбедување на финансиски средства за уредување на дворот;<br>3. Барање на стручна помош во аплицирање во одредени проекти; |
| **Фактори на поддршка** | **Стратегии за засилување на факторите** |
| 1. Постојат просторни услови кои можат да бидат подобро уредени и искористени и со тоа би го зголемиле квалитетот и удобноста при престојот во училиштето, што директно влијае врз квалитетот на наставниот процес и имиџот на училиштето; | 1. Изработка на акционен план за обезбедување на финансиски средства кои ќе бидат наменети исклучително за уредување на просторот во дворот и спортските терени и акционен план за изведување на потребните активности; |

# VI. Реализација на задачите и активностите на училиштето

## Континуиран развој на наставниот процес во чекор со современите трендови

1. **Барање поддршка од надлежните институции за воведување на нови поатрактивни профили заради унапредување на уписната политика, воведување на нови квалификации и модули, со цел упис на поголем број на ученици и ученици со повисок општ успех од основно образование**

   Превземени се следниве задачи и активности:

   - Анализа на потреба од нови квалификации, предлози за проширување на струката и предлози за нови струки на одржани состаноци на Активите и Наставничкиот совет.

2. **Примена на интерактивни методи и ИКТ во наставата со цел да се подобри средината на учење која учениците треба да ја доживуваат како мотивирачка средина, а начинот на кој се учи интересен**

Со цел создавање мотивирачка и инспиративна средина за учење, како и поттикнување интерес кај учениците за наставниот процес, се презедоа низа активности и задачи:

- Организирани и реализирани се индивидуални и групни обуки за наставниот кадар, насочени кон унапредување на личниот и професионалниот развој;
- Директорот и психолошко–педагошката служба реализираа нагледни часови, со цел следење и поддршка на наставниот процес;
- Организирани се отворени часови на кои наставниците разменуваа искуства и извлекоа заеднички заклучоци за подобрување на праксата;
- Во наставата се применуваат современи наставни методи и техники, со акцент на активно вклучување на учениците;
- Процесот на оценување е објективен и транспарентен, со редовен увид од страна на родителите преку користење на платформата *е-дневник*;
- Континуирано се вршеше проверка и следење на педагошката евиденција и наставните дневници, со цел навремено и одговорно извршување на обврските во текот на целата учебна година.

## Поттикнување поголема поддршка од институциите за учество во национални и интернационални проекти

Се препорачува да се побара посилна поддршка од надлежните институции за активно вклучување на училиштето во поголем број национални и меѓународни образовни проекти за наставници и ученици. Целта е да се зголеми мотивацијата и учеството на учениците во вонннаставни активности, како и во различни иницијативи што овозможуваат интеркултурна размена, личен развој и продлабочување на наставните компетенции.

**Преземени активности:**

- Остварена е соработка и учество во проекти поддржани од Министерството за образование и наука (МОН), Бирото за развој на образованието (БРО), Центарот за стручно образование и обука (ЦССО), како и други релевантни институции;
- Продолжена е реализацијата на активности поврзани со мировното образование како дел од годишната програма за работа на училиштето, преку посебна програмска прилог-иницијатива;
- Претставници од училиштето (наставничката Радмила Андовска и училишниот педагог Билјана Коцабашиева) активно учествуваа на основниот/базичен тренинг за мировно образование, каде што се дискутираше и разменуваа искуства на теми како:
  - Ненасилна комуникација и техники на ефективно изразување
  - Тимска работа и ефективна соработка
  - Разбирање и анализа на конфликти
  - Препознавање и превенција од насилство

Овие активности претставуваат значаен чекор кон интегрирање на учениците во проекти што промовираат мир, разбирање и граѓанска одговорност.

__**Перманентно унапредување на организациската клима и култура во училиштето**__

**1. Подобрување на климата за време на часовите**

- Ревидирање на Куќниот ред на училиштето;
- Изработка на Правилник за употреба на мобилни телефони за време на наставата;
- Донесување протокол и Политика за заштита на децата;
- Спроведена анкета со учениците за согледување на наставната клима за време на часовите;
- Континуирана примена на систем за пофалби и награди за ученици и наставници;
- Јавно пофалување и истакнување на ученици кои учествуваа и постигнаа успех на натпревари, со цел промовирање на позитивни примери и мотивирање на останатите ученици;
- Одржани состаноци со Средношколската заедница, Наставничкиот совет и Советот на родители;
- Реализирани индивидуални разговори со родители и ученици (од страна на класните раководители, директорот и стручната служба) заради слаб успех или нередовна посетеност на наставата;
- Изречени соодветни педагошки мерки каде што било потребно;
- Учениците со континуирани потешкотии во учењето беа вклучени во дополнителна настава;
- Организирани се советувања со родители и ученици со цел поддршка и унапредување на постигнувањата.

**2. Зацврстување на врската помеѓу сите чинители во воспитно-образовниот процес**

Во насока на градење силна и кохезивна заедница во училиштето, каде што сите учесници во воспитно-образовниот процес – ученици, наставници и родители – се активно вклучени, се презедоа следниве активности:

- Спроведена е анкета со учениците за проценка на квалитетот на наставата и идентификација на можности за подобрување на соработката;
- Одржани се редовни состаноци со Средношколската заедница, Наставничкиот совет и Советот на родители;
- Применет е индивидуален пристап кон секој ученик, особено кон оние со нередовно присуство или слаб успех, преку координирани разговори со родителите, класните раководители, директорот и стручната служба;
- Се почитува и негува професионалниот кодекс на однесување во училиштето;
- Изработен е план за посета на родители за време на слободните часови на наставниците, со цел подобрување на комуникацијата;
- Се применува континуиран систем на пофалби и награди за наставници и ученици, со акцент на промовирање на позитивни модели на однесување;
- Учениците со континуирани потешкотии во учењето активно се вклучени во часовите за дополнителна настава;
- Реализирани се советувања со родители и ученици за подобрување на постигнувањата и социјалната клима;
- Изработен е план на активности за активно вклучување на учениците и родителите во процесите на училишно одлучување;
- Состаноците на Советот на родители и Училишниот одбор се одржуваат редовно, со цел вклученост на родителите во донесување значајни одлуки за работата на училиштето;
- Родителите учествуваа во организираните средби за советување, со фокус на зајакнување на партнерството меѓу семејството и училиштето;
- Изработен и реализиран е акциски план за МИО-активности (меѓуетничка интеграција во образованието) со активно учество на наставници, ученици и родители од сите етнички заедници присутни во училиштето;
- Наставниците посетуваа интерни и екстерни обуки за современи, иновативни и интерактивни наставни методи;
- Изработени се индивидуализирани планови за воннаставни активности со ученици, прилагодени на нивните интереси и потреби.

**<u>Подобрување на материјалните ресурси за работа</u>**

Обезбедување на повеќе финансиски средства за потребите на училиштето од видот на капитални инвестиции: нова фасада, нови врати и подови на кабинетите, реновирање на спортската сала и спортските терени.

## 1. Капитални инвестиции и градежни зафати

Во рамките на капиталните инвестиции се обезбедија дополнителни финансиски средства за следниве зафати:

- Отстранување на дотраени врати и прозорци во задниот двор на училиштето;
- Реконструкција на плафонот во спортската сала;
- Поставување на нова, модерна и енергетско-ефикасна фасада;
- Делумна замена на подови и врати во поединечни кабинети

Овие интервенции значително придонесоа кон подобрување на безбедноста, естетиката и енергетската ефикасност на објектот.

## 2. Опремување со наставни средства и стручна литература

Паралелно со градежните активности, реализирани се следниве набавки и опремувања:

- Донација и набавка на нови наставни средства и помагала;
- Континуирано обновување на постоечките наставни материјали во согласност со наставните потреби;
- Зголемување на библиотечниот фонд на економската и правната библиотека со стручна литература и периодични изданија од релевантни области.

## 3. Уредување на училишниот двор

Во согласност со расположливите средства, спроведени се делумни активности за уредување на училишниот двор. Активностите опфатија:

- Чистење и уредување на задниот двор;
- Основна санација на дел од површините со цел подобрување на безбедноста и визуелниот изглед.

Планирани се дополнителни зафати во наредниот период за негово целосно уредување и осовременување.

**Заклучок:**

Преземените активности придонесоа за значително подобрување на условите за работа и учење во училиштето. Истовремено, се отвори простор за понатамошна модернизација и создавање квалитетна и поттикнувачка средина за сите чинители во воспитно-образовниот процес.

# VII. План за евалуација

## 1. Општа оценка од следењето и евалуацијата на реализираните активности од раководниот и стручниот кадар

Во учебната 2024/2025 година реализирани се поставените цели, задачи и активности, односно се организираше и реализираше целокупното работење во училиштето. Во однос на програмското концепциско подрачје реализирани се планираните задачи и се овозможи непречено одвивање на воспитно образовниот процес до крајот на учебната година. Сите планирани цели во однос на следењето, координирањето и насочување на планирањето и програмирањето на наставата се реализирани.

Наставниците беа мотивирани за професионално усовршување и активно вклучување на сите полиња во работниот однос во училиштето. Соработката со стручните органи во училиштето се одвиваше непречено и во соработка со сите вклучени ентитети. Поднесени се сите извештаи пред Наставнички и Класен совет, Стручни активи, Училишен одбор, Совет на родители и Средношколска заедница. Планираните активности во однос на аналитичко-студиската работа се реализирани. Извештаите за тримесечјата и полугодишниот извештај се изготвени со информации и анализи на реализација на програмите за воспитно-образовната работа. Овие документи содржат анализа на успехот, поведението и редовноста на учениците, анализа на однесувањето на наставниците во целокупната работа на училиштето и активностите кои тековно се спроведувале. На тој начин будно ја следевме успешноста на работата на училиштето и јасно се движевме кон поставените цели.

Во делот на соработката со родителите остваривме солидна соработка и ги доближивме на повеќе начини до работата на училиштето и процесот на образование на нивните деца. Извршивме кооптирање на нови членови во Советот на родители, спроведовме анкета за нивно учество во креирање на наставните програми и содржини. Одржавме состаноци на кои родителите беа вклучени во одлучувањето, беа запознаени со животот и работата на училиштето и имаа можност да дадат предлози, мислења и забелешки со кои ја вреднуваа и оценуваа работата на училиштето. Преку програмата за Советување на родители наидовме на мотивирани родители кои со интерес се вклучија во напорите да го подобриме успехот и редовноста на учениците во училиштето.

## 2. Исполнетост на критериуми за успех

- Воведување и користење на модерни методи и техники во наставниот процес;
- Редовно спроведување на дополнителна и додатна настава;
- Повеќе користење на интернет ресурсите од страна на наставниот кадар;
- Подобрување на квалитетот на образовниот процес;
- Зголемување на нивото на одговорност кај сите учесници во наставата;
- Почеста и поефикасна комуникација меѓу наставници, родители и ученици;
- Поголема вклученост и ангажираност на родителите;
- Доделување награди и пофалби на ученици и нивните ментори;
- Континуирано обновување и подобрување на наставните средства и материјали
- Поголема транспарентност во процесот на оценување;

- Воведен систем на самооценување;
- Примена на различни современи методи за оценување;
- Обука и развој на компетенции кај наставниците;
- Донесување заеднички одлуки со родителите во интерес на училиштето;
- Подготвена листа со приоритетни подрачја и теми за работа на стручните активи;Прилагодување на стручното образование кон реалните
- потреби на учениците и пазарот на труд;
- Промоција на училиштето и постигнувањата на учениците преку медиумите и зголемена видливост во регионот;
- Целосно информирање на сите учесници за активностите во училиштето;Успешно воспоставени контакти за размена на искуства и
- соработка со институции во земјата и странство;
- Одобрени и прифатени апликации за учество во проекти.
- 

### 3. Колку успешно се реализирани поставените цели, задачи и активностите од кои ќе се утврдат приоритети за наредната учебна година

Од извршената анализа на тоа што е реализирано оваа учебна година може да се констатира дека поголем дел од планираните развојни цели, задачи и активности се реализирани. Задачите и активностите кои не се реализираа во оваа учебна година се должат на ограничување на финансиски средства и ќе се настојува да станат приоритет во учебната 2025/2026 година, а тоа е:

- Понатамошна имплементација на обуки и едуцирање на наставен кадар;
- Подобрување на успехот и редовноста на учениците;
- Унапредена соработка со големите стопански субјекти и родителите;
- Зголемена координација со ЦССО и МОН заради воведување на нови квалификации и промена на називот на веќе постоечките
- Уредување на дворот на училиштето

### 4. Соработка со локалната заедница, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, родителите и други институции

ОСУ „Јовче Тесличков“ е препознатливо по својата успешна и континуирана соработка со локалната заедница, Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, како и со родителите и други релевантни установи и институции. Ова партнерство беше особено изразено и во учебната 2024/2025 година, кога преку заеднички активности и иницијативи се придонесе кон унапредување на воспитно-образовниот процес. Училиштето ќе продолжи да ги јакне овие партнерски односи со цел обезбедување висок квалитет на образованието, како и доследна реализација на својата мисија и визија.

**Во прилог на годишниот извештај, опфатени се и следните извештаи:**

П-1 Извештај за работа на директорот

П-2 Извештај за работа на психологот

П-3 Извештај за работа на педагогот

П-4 Извештај за работа на Наставничкиот совет

П-5 Извештај за работа на Училишен одбор

П-6 Извештај за работа на Советот на родителите

П-7 Извештај за работа на стручните активи

П-8 Извештај за реализација на екскурзиите

П-9 Извештај за професионален развој

П-10 Извештај за јавна и културна дејност

П-11 Извештај од Програмата за Советување на родители

П-12 Извештај од работата на Средношколската зедница

П-13 Извештај од реализираните активности во рамките на уписната политика

П-14 Извештај од државна матура и завршен испит

## П-1 Извештај за работа на директорот

Во учебната 2024/2025 година работата на директорот беше структуирана во пет подрачја:

- **Административно – организаторска;**
- **Педагошко – инструктивна;**
- **Раководна функција;**
- **Планско – финансиска;**
- **Евалваторска и истражувачка**

Согласно наведените подрачја, работата на директорот се состоеше од:

- организирање на санации и адаптација на училишниот објект,
- извршување на одлуките на Училишниот одбор во согласност со Закон,
- избирање комисии од негова надлежност, соопштенија и наредби,
- иницирање измени на интерни акти и документи на училиштето во согласност со законските измени,
- поднесување извештај за материјалното работење,
- закажување на седници на Наставнички совет и раководење со истиот,
- промоција на училиштето, управување и донесување мерки за воведување на иновации во целокупната работа во училиштето;
- прераспределба на задачите на поедини носители,
- организирање и реализирање на упис и прием на ученици во прва година, формирање на паралелки во прва година и назначување на класни раководители,
- распределба на наставни предмети и задолженија во рамките на: редовните часови, слободните ученички активности, стручен актив, комисии,
- грижа за спроведување на кодексот на однесување на училиштето;
- организирање на воспитно-образовната работа,
- организирање и реализирање на државната матура и завршниот испит,
- работа со наставници – почетници,
- вршење избор на наставен кадар,
- контрола врз начинот на водењето на професионалните досиеја на вработените,
- посети на часови на наставници,
- вршење други работи врз основа на Закон, статут и други акти.

Директорот е главен организатор и реализатор на целокупната работа во училиштето опфаќајќи ја воспитно – образовната и административно – организаторската улога.

**Директор**
**м-р Васко Трајковски**

## П-2/1 Извештај за работа на психологот (прво полугодие)

Согласно Годишната програма за работа на психологот и Програмата по месеци и подрачја, во текот на првото полугодие беа реализирани поголемиот дел од планираните активности и задачи. Работата на училиштниот психолог се одвиваше во рамки на седум основни подрачја:

1. **Планирање и програмирање**
   Изготвена е Годишната програма за работа на психологот и се вршеше редовна подготовка и усогласување на месечните активности со потребите на учениците, наставниците и родителите.
2. **Работа со ученици**
   Остварени се повеќе советодавни разговори со ученици кои покажуваа одредени едукативни, емоционални или социјални тешкотии. Следени се успехот, редовноста и поведението на учениците. Организирани се работилници и предавања насочени кон развој на социо-емоционални и комуникациски вештини, како и активности за поддршка на менталното здравје.
3. **Соработка со родители**
   Реализирана е Програмата за советување на родители со индивидуални и групни средби. Се водеше уредна документација и записници од сите средби, со цел подобрување на родителската вклученост и партнерски однос.
4. **Соработка со наставници**
   Психологот активно соработуваше со наставниот кадар преку заедничко следење на учениците, координација при разрешување на проблемски ситуации и учество во стручни активности. Присуствуваше и следеше наставни часови со цел педагошка поддршка.
5. **Аналитичко-истражувачка работа**
   Во текот на полугодието психологот активно работеше на анализа на евиденциите за успех, редовност и поведение на учениците, со цел рано идентификување на ризични појави и потреба за интервенција.
6. **Педагошка евиденција и документација**
   Психологот водеше уредна педагошка евиденција, досиеја за ученици и родители, како и статистички и аналитички извештаи за потребите на училиштето. Учествуваше во изготвување на извештаите по класификациони периоди и вршеше анализа на постигнувањата.
7. **Соработка со локалната заедница**
   Остварена е соработка со институции, здруженија и стручни служби во насока на спроведување тековни проекти и развој на нови иницијативи. Психологот учествуваше и на семинари за професионален развој и активности на училишно ниво, како што се Совет на родители, манифестации и настани со ученици.

**Психолог**
**Катерина Ефремова**

## П-2/2 Извештај за работа на психологот
## (април - јуни)

Во текот на тримесечниот ангажман, беа реализирани повеќе активности согласно стручната улога на психологот во училиштето. Остварени се индивидуални и групни средби со ученици, наставници и родители, при што беа третирани теми поврзани со емоционална саморегулација, стрес, врснички односи, мотивација и идентитетски развој.

Реализирани се вкупно **5 психоедукативни работилници**, насочени кон ученици и наставници, со позитивен прием и активна вклученост. Воедно, се одржаа и средби со родители, со цел градење партнерска комуникација и поддршка во воспитниот процес. Извршено е **набљудување на наставниот процес**, со фокус на комуникациската динамика и емпатиски пристапи. Притоа беа дадени и стручни препораки за унапредување на менталното здравје, ученичката добросостојба и професионалната поддршка на наставниот кадар.

Соработката со педагогот и директорот беше редовна и конструктивна, со координирано планирање на интервенции и активности. Овој период беше исполнет со професионализам, со фокус на холистички пристап во поддршката на учениците и развојот на позитивна училишна клима.

**Психолог**
**Иле Махлијанов**

## П-3 Извештај за работа на педагогот

Согласно Годишната програма за работа на педагогот и планираната реализација по месеци и подрачја, во текот на учебната 2024/2025 година беа успешно реализирани активности во следните седум подрачја:

1. **Работа со ученици**
2. **Соработка со родители**
3. **Соработка со наставници**
4. **Соработка со заедницата**
5. **Професионален развој и професионална соработка**
6. **Аналитичко-истражувачка работа**
7. **Училишна структура, организација и клима**

Работата на педагогот се реализираше низ разновидни форми и методи, со акцент на советодавна, дијагностичка, едукативна и координациска функција. Во тој контекст, беа реализирани следните активности:

- Континуирана **советодавна работа со ученици**, насочена кон поддршка при соочување со академски, социјални и емоционални предизвици;
- **Следење и поддршка на развојот на учениците**, преку индивидуални разговори, работилници и вклучување во ученички активности;
- **Поддршка на наставниците** при планирање и реализација на воспитно-образовниот процес, како и во процесите на самоевалуација и анализа на резултатите;
- **Советување и едукација на родители** – реализирани се индивидуални и групни средби, како и активности за зголемување на нивната вклученост во животот и работата на училиштето;
- **Соработка со локалната заедница** и со релевантни стручни институции и организации, со цел проширување на можностите за поддршка на учениците;
- Поддршка на **професионалниот развој на наставниот кадар** преку заеднички активности, советувања и интерни стручни средби;
- **Истражувачка и аналитичка работа**, вклучувајќи анализа на воспитно-образовната работа, изготвување извештаи по класификациони периоди, како и проценка на ученичкиот напредок и потреби;
- Активности насочени кон **развивање на позитивна училишна клима**, безбедна средина и демократско учество на учениците.

Особено значајна беше реализацијата на **работилници со учениците**, кои се одвиваа согласно Програмата за ментално здравје и добросостојба. Темите беа прилагодени на возраста и потребите на учениците, а беа вклучени и други чинители од воспитно-образовниот процес.Во рамки на проектот „Безбедна училишна средина “ педагогот одржа работилница и со родители на тема „Типови родители“ и „Врсничко насилство“. Сите активности беа реализирани со **координирана соработка и вклученост на директорот, психологот, наставниците и учениците**, со цел обезбедување целосна поддршка на ученичкиот развој и унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа.

**Педагог**
**Билјана Коџабашиева**

## П-4 Извештај за работа на Наставнички совет

Наставничиот совет е највисок стручен орган кој води грижа за целокупната воспитно-образовна работа во училиштето. Членови на Наставничкиот совет се сите вработени наставници и стручни соработници.

Со него раководи директорот на училиштето, кој е иницијатор на осовременување на наставниот процес и затоа се залага за примена на иновациите во наставата како и примена на активни методи, форми и средства кои го подобруваат квалитетот на наставата.

Како највисок стручен орган се ангажира во остварувањето на задачите што произлегуваат од општата програмска структура. Една од тие задачи е следењето и подобрувањето на квалитетот на наставниот процес, како и следењето на слободните ученички активности, ученички организации, јавна и културна дејност, грижа за здравјето на учениците и друго.

Наставничките совети секогаш биле збогатувани со теми и содржини кои биле во интерес на унапредувањето на наставниот процес. Секако значајно место на наставничките совети биле одлуките за прием на ученици, одлуки за проодност на учиниците од трет во четврт степен на образование, реализациите на постигнатите успеси и поведението на учениците на тримесечието, полугодието и крајот на учебната година. Од направената анализа се согледува моменталната состојба на успехот и поведението на учениците и се бараат соодветни форми, методи и средства за нивно подобрување. Следејки го успехот и поведението на учениците дава предлози за нивно наградување како и опоменување врз основа на Правилник.

На наставнички совет исто така се реализираа содржини поврзани со целите на делување според развојниот план како: реализација на додатната и дополнителната настава и слободните активности, работа на создавање на позитивна клима во училиштето, усогласување на критериумот за оценување и вреднување на ученичките знаења и друго.

Наставничките совети се одржуваат тековно однапред составен дневен ред и усвојување на истиот од целиот Наставнички совет.

**Записничар**
**Марија Левкова Куновска**

## П-5 Извештај за работа на Училишниот одбор

Училишниот одбор брои 12 членови и тоа три претставници од локалната самоуправа, три претставници од родителите, четири претставници од наставниците и по еден претставник од Министерството за образование и деловната заедница. Активностите што ги реализираше овој орган на нашето училиште на одржаните десет состанока се следниве:

- ја предложи Годишната програма од воспитно-образовната работа на ОСУ „Јовче Тесличков“ во учебната 2024/2025 год до Советот на општината;
- донесе план за јавни набавки;
- донесе одлука за попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2024 година;
- отпис и расходување на основни средства;
- ги усвои Годишните – завршните сметки за 2024 година на училиштето;
- донесе предлог одлука за усвојување Годишниот извештај за работа на училиштето за 2023/2024;
- ја усвои Програмата за ученички екскурзии за прва, втора и заедничка за трета и четврта година;
- вршеше и други работи согласно програмата за работа на Училишниот одбор и потребите на училиштето.

**Претседател на Училишен одбор**
**Антонио Пановски**

## П-6 Извештај за работа на Советот на родителите

Работата на Советот на родители се темели на законските регулативи, Стаутот на училиштето, Деловникот за работа на Советот на родители и Годишната програма за работа на Советот на родители.

Во учебната 2024/2025 година, Советот на родители броеше 12 членови родители, од секоја паралелка по еден родител преставник, пришто на состаноците присуствуваат членовите, а доколку се оправдано отсутни, на нивно место присуствуваат замениците на членовите. Советот на родители има претседател кој ги свикува и одржува состаноците.

Согласно Законските регулативи тројца претставници од Советот на родители се и преставници во Училишниот одбор.

На првиот одржан состанок за учебната 2024/2025 година, беа кооптирани новите членови во Советот на родители од родителите од прва година и беа запознаени со Програмата и деловникот за работата на Советот на родители.

Во текот на учебната 2024/2025 година, состаноците се одржуваа задолжително најмалку еднаш за секој квалификационен период.

Советот, преку свои претставници одлучуваше за:

- извештајот од воспитно-образовната работа на училиштето за секој квалификационен период (прво тримесечје, крај на прво полугодие, трето тримесечје);
- потребата од ангажирање на физичко обезбедување во училиштето;
- избор на осигурителна компанија за осигурување на учениците;
- програми за ученички екскурзии;
- избор на економски оператор за фотографирање на матурантите и останатите ученици

За време на сите состаноци кои се одржаа во учебната 2024/2025 година беа присутни членовите на Советот, директорот на училиштето и педагогот. Бројот на присутни членови на Советот на родители секогаше беше на задоволително ниво. За секој одржан состанок со членови на Советот на родители се води записник.

**Претседател на Совет на родители**
**Лиле Илиевска**

## П-7 Извештај за работа на стручните активи

### Извештај за работата на Активот за јазици и општествена група предмети

Во учебната 2024/2025 година, реализирани се сите активности од страна на активотна јазици и општествена група предмети. Наставниците од овој актив редовно одржуваа состаноци на кои разговараа за сите активности кои треба да ги спроведат, за тековните проблеми, подобрување на успехот на учениците, иновациите во наставниот процес, афирмација и промоција на училиштето и др.

- ✓ Државниот празник 8 Септември – Денот на независноста, беше одбележан преку читање на соодветно подготвен реферат за значењето на празникот;
- ✓ На 21 Септември- Ден на мирот, наши ученици и професори земаа учество на мировниот марш во нашиот град;
- ✓ За државниот празник 11 Октомври, на учениците им беше презентиран соодветно подготвен реферат за значењето на празникот;
- ✓ По повод Патрониот празник на училиштето ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес, на ден 31.10.2025 година,ученици од драмската секција ја изведоа драмската претстава ,,Младост – лудост“во салата на општина Велес. Учениците ги подготвуваше професорката по македонски јазик Жаклина Ивановска Зафирчева . Исто така, по повод Патрониот празник на училиштето, под менторство на професорките по англиски јазик Рената Софијанова Николова и Марија Левкова Куновска беше организирана дебата на англиски јазик;
- ✓ 17.10.2024 год.се одржаа натпревари во одбојка (женски) и футсал (машки) помеѓу учениците од ОСУ ,,Јовче Тесличков" и ССОУ „Димитрија Чуповски" Велес , по повод патрониот празник на нашето училиште.Одговорен предметен наставник Златко Гуцев;
- ✓ Како дел од активностите организирани во чест на патрониот празник на нашето училиште, на 30 Октомври беше реализирана активност и од областа на спортот. Имено, на задоволство на нашите ученици, гостин беше поранешниот фудбалски репрезентативец и актуелен претседател на Синдикатот на македонските фудбалери, г-дин Панче Ќумбев. Тој одржа предавање пред учениците за улогата на спортот и фудбалот и значењето за физичкиот и психичкиот развој на младата личност. Одговорен професор беше Златко Гуцев. Исто така беа организирани меѓукласни натпревари во фудбал.Денес се одржаа натпревари во одбојка (женски) и футсал (машки) помеѓу учениците од ОСУ ,,Јовче Тесличков" и ССОУ ,,Димитрија Чуповски" Велес , по повод патрониот празник на нашето училиште;
- ✓ По повод Месецот на книгата, беше организиран поетски настан во нашето училиште. Гостуваа писатели од Клуб на писатели ,,Коста Солев Рацин" од Велес кои се претставија со свои поетски творби и афоризми! Одговорен професор: Жаклина И.Зафирчева;
- ✓ По повод патрониот празник на нашето училиште беше распишан литературен конкурс за есеј на тема ,,Идолите на младите во современиот свет" во кој земаа учество ученици од сите средни училишта во градот. Прво место освои Марија Бошевска ментор: Жаклина И.Зафирчева;
- ✓ Во рамките на 57 Детски Рацинови средби, наши ученици заедно со проф. по македонски јазик и литература Жаклина Зафирчева, ја посетија Спомен - куќата на Рацин;
- ✓ На 08.11. 2025 година,трета награда освои нашата ученичка Марија Бошевска од 3-а клас под менторство на проф. Жаклина И. Зафирчева, на литературниот конкурс за есеј по повод патрониот празник на ССОУ ,,Димитрија Чуповски" Велес;
- ✓ На ден 27 Ноември 2024 наши ученици од 3а и 2б клас, со професорката по македонски јазик, Жаклина И. Зафирчева, ја посетија изложбата по повод 85 години од излегувањето од печат на стихозбирката „Бели мугри“ од Коста Солев Рацин. Истата беше поставена во Локалната библиотека „Гоце Делчев“ Велес, каде беа поставени примероци од оваа антологиска стихозбирка, преведена на повеќе јазици;

- ✓ Во организација на Клуб на писатели „Коста Солев Рацин“ - Велес се одбележа Св. Валентајн. Поезија и афоризми за виното и љубовта читаа велешки поети и ученици - средношколци. Дел од настанот беа нашите ученички Марија Бошевска и Марија Нојкова и проф. Жаклина Зафирчева;
- ✓ 12.02. 2025 година беше одржан настанот организиран по повод празникот Св. Валентин - квиз и игра на англиски јазик подготвен под менторство на професорките по англиски јазик Рената Софијанова Николова и Марија Левкова Куновска;
- ✓ 06.03.2025 - На литературниот конкурс распишан од Локална библиотека ,,Гоце Делчев" Велес и Клуб на писатели ,,Коста Солев Рацин" Велес, нашата ученичка Марија Бошевска, под менторство на проф. Жаклина Зафирчева, го освои второто место. Конкурсот беше распишан по повод 8 Март - Меѓународниот ден на жената, на тема „Силата на мајчиното срце";
- ✓ На 15.03.2025 година се одржа општински натпревар по Англиски јазик во организација на ЕЛТАМ. Нашите ученички Марија Ивановска, Марија Ќириќ и Викторија Јовановска се пласираа на регионален натпревар. Ментори: професорките по англиски јазик Марија Левкова Куновска и Рената Софијанова Николова;
- ✓ На 12.04.2025 година ученичките учествуваа на регионалниот натпревар и се пласираа на државен;
- ✓ На Државниот натпревар по англиски јазик одржан на 10.05.2025 г., ученичката Марија Ивановска освои втора награда, а ученичката Марија Ќириќ трета награда, под менторство на проф. Рената Софијанова Николова;
- ✓ На 21.03.2025 година, нашите ученички Марија Бошевска и Марија Нојкова со ментор професор Жаклина И. Зафирчева учествуваа на настанот по повод чествување на Светскиот ден на поезијата, организиран од Локалната библиотека „Гоце Делчев“ и Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“ Велес и читаа свои лични творби;
- ✓ Нашите ученички Марија Нојкова и Теа Стојанова, под менторство на проф. Жаклина Зафирчева, учествуваа во промоцијата, читајќи поезија од почитуваниот автор Божидар Јовиќ. Нив ги подготвуваше проф. Жаклина И.Зафирчева;
- ✓ На натпреварите МАССУМ 2025 кои се одржаа на 25 април 2025 г. во Кавадарци, трето место во категорија Јавен говор за Мерве Исмаилова, ментори проф. Жаклина И. Зафирчева и Маја Талеска Панова;
- ✓ 11.03.2025 - Турнир во Уличен баскет – 3+3.Помеѓу учениците во класовите се направи елиминација,а потоа меѓу класовите од секоја година поединечно.Во финалето играа ученици од 2а и 3а,а победник на турнирот беше тимот од 2а. Одговорен наставник Златко Гуцев;
- ✓ 28.03.2025 – Учество на Хуманитарен турнир во одбојка (девојчиња) помеѓу преставници од сите јавни средни училишта во Велес.Одговорен наставник Златко Гуцев;
- ✓ 08.05. 2025 г. наши ученици присуствуваа на отворањето на Саем на книгата 2025 во арената,,Борис Трајковски" во Скопје. Го разгледаа големиот избор на книги на штандовите на издавачките куќи и се почестија со книга по свој вкус, зашто ,,книгата е храна за душата". Одговорен професор Жаклина И. Зафирчева.

**Претседател на актив**
**Жаклина Ивановска Зафирчева**

**Извештај за работата на активот на економисти**

Во текот на учебната 2024/2025 година, Стручниот актив на економисти при ОСУ „Јовче Тесличков“ доследно и континуирано ја реализираше програмата за работа, следејќи ги однапред утврдените цели, задачи и активности. Во согласност со годишниот план, беа опфатени содржини од релевантни наставни области, при што се обезбеди квалитетна и современа едукација за учениците.

- ✓ Активот редовно одржуваше работни состаноци и успешно ги спроведе следниве активности:
- ✓ Изготвување и усвојување на Програма за работа на Стручниот актив на економисти за учебната 2024/2025 година;
- ✓ Реализација на наставните планови по стручни предмети со примена на информациско-комуникациски технологии и иновативни, современи наставни методи;
- ✓ Организирање и изведување на дополнителна и додатна настава според индивидуалните планови на наставниците, со акцент на обработка на актуелни стручни економски теми;
- ✓ Менторска поддршка и подготовка на ученици за учество на натпревари и други форми на јавна презентација на нивните знаења и вештини;
- ✓ Обезбедување на практична настава и ангажман на учениците во реална работна средина, преку соработка со локални компании;
- ✓ Подготовка и реализација на активности поврзани со промоцијата на училиштето, со утврдени задачи и рокови за нивна имплементација;
- ✓ Организирање на едукативни посети на институции и деловни субјекти.
- ✓ Спроведување на анализа на воспитно-образовната работа по завршување на првото тримесечје и полугодие;
- ✓ Размена на искуства од страна на членовите на активот преку учество на семинари, обуки, советувања и други стручни настани;
- ✓ Реализација на посети на значајни институции: Општина Велес, Собрание на Република Северна Македонија, Народен правобранител, Централен регистар – Велес, Основен суд – Велес и УЈП – Велес;
- ✓ Изготвување предлог-политики за упис на нови ученици, како и предлог-план за формирање паралелки во новата учебна година;
- ✓ Активно учество во креирање на програма за училишни манифестации и настани на ниво на институција.

Останати реализирани активности:

- Учениците од нашето училиште, заедно со професорката Милка Петровски, на ден 18.09.2024 г. беа дел од еднодневниот семинар на тема „Демократијата и Собранието" .Овој семинар традиционално се одржува во Собранието на РМ, по повод 15ти септември Светскиот ден на демократијата. Овој настан е организиран од страна на Парламентарниот институт при Собранието;
- На 04.10.2024 во нашето училиште од страна на Џуниор Ачивмент Македонија, се реализираше работилница од програмата „Млади во циркуларна економија (Girls Go Circular)", развиена од Европскиот институт за информации и технологија и финансирана од Европската Унија;
- На 07.10.2024, во просториите на Europe Hause Veles, учениците од нашето училиште заедно со училишниот педагог Билјана Коџабашиева и професорката Милка Петровски, земаа учество на работилницата по повод Деновите на Erasmus+ програмата;
- На 15.10.2024 во просториите на Europe Hause Veles, учениците од нашето училиште заедно со училишниот педагог Билјана Коџабашиева и професорката Милка Петровски, земаа учество на работилницата по повод Деновите на Erasmus+ програмата;

- Националната агенција за европски образовни програми и мобилност организираше интерактивна работилница на тема „Кариерно советување и доживотно учење";
- Од 20-22 ноември во хотел ,,Инекс Олгица,, во Охрид професорката Маја Талеска Панова учествуваше на работилница организирана од Националната агенција за европски програми и мобилност на тема: „Тематска обука за подигнување на свеста за Центрите за извонредност во стручното образование и обука". Оваа обука беше реализирана со цел да ги поттикнат стручните училишта да се стремат кон извонредност што подразбира висококвалитетно образование и обука релевантно за потребите на пазарот на трудот, со иновативен пристап кон наставата, соработка со бизнис-секторот и поддршка на личниот и професионалниот развој на учениците;
- На 22.10.2024 во рамките на одбележувањето на патрониот празник на нашето училиште, беше организирана работилница со деветтоодделенците од основните училишта во општина Велес на тема ,,Elevator speech- преставување на бизнис идеја во една минута", под менторство на Маја Талеска Панова и Марија Панчевска. Учениците имаа можност да научат како да формулираат и презнетираат своја оригинална бизнис идеја на концизен и убедлив начин;
- Во чест на Патрониот празник на нашето училиште, беше реализирана уште една работилницата „Претприемнички предизвик: Project Playground Workshop", организирана од нашите ученици – членови на Маркетинг агенцијата на која зедоа учество деветоодделенците од основните училишта во општината. Одговорни наставници Каролина Манаскова и Радмила Андовска;
- На 15.11.2024 г. ученици од прва до трета година од нашето училиште ја посетија Народната банка на Р.Македонија и проследија предавање на тема „Запознавање со функциите на Народната банка".Одговорни наставници: Наташа Михова, Соња Савевска, Билјана Коџабашиева и Радмила Андовска;
- На 25.02 2025 Учество на ученици од III и IV година на Економската Олимпијада 2025 година;
- На 14.03.2025 одбележан Меѓународниот „Пи Ден" под менторство на Радмила Андовска;
- На 25 и 26 април Учество на МАССУМ одржан во Кавадарци;
- На 10 април 2025 година, во хотел „Гарденија" – Велес, учество на Регионалниот натпревар за најдобра ученичка компанија (Џуниор Ачивмент Македонија). Во рамки на Програмата за ученички компании, учениците учат како да ја претворат бизнис-идејата од концепт во реалност;
- На 07.05 промоцијата на сликовницата „Стари детски игри" – креативно дело на ученичката компанија Playful Pages од ОСУ „Јовче Тесличков" – Велес;
- На 14.05 учениците од нашето училиште имаа можност да ја посетат Општината и да се запознаат одблизу со работата на локалната самоуправа под менторство на Милка Петровски;
- На 21.05.2025 во чест на Сесловенските просветители Кирил и Методиј, традиционално по трет пат се одржа Ораторски натпревар во организација на Општина Велес. Ученичката Мерве Исмаилова ја освои втората награда. Ментор; проф. Милка Петровски;
- На 28.05.2025 во нашето училиште се одржа Отворен ден, каде пред деветтоодделенците беа претставени можноститете што ги нудиме за средно стручно образование.

**Претседател на актив**
**Марија Панчевска**

**Извештај за работата на Активот на група природно-математички предмети**

Стручниот Актив на Природно – Математичките групи на предмети за учебната 2024/2025 година изготви годишна програма за работа и во најголем број успеа да ја реализира:

- ✓ Планирање, следење и анализа на реализираните задачи од воспитно – образовната работа;
- ✓ Дополнителна настава, додатна, подготвителна настава за полагање на поправни испити, планирање менторство и подготовка на учениците за натпревари и слично;
- ✓ Реализирани теми и одржани трибини на Стручниот Актив на Природно - Математичките Групи на Предмети во учебната 2024/2025 година по наставни предмети.

**Теми на стручниот актив на природно-математичките групи реализирани и изготвени во учебната 2024/2025 година:**

| **Теми и области за обработка** | **Носители - наставници** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| **Природни броеви**<br>Изработи: Мазес Сулиманова и Медиха Башини 2-б клас | Проф. Горан Цветановски | 08.10.2024 |
| **Ветерници и изградба на нови ветерници во Р.С.Македонија**<br>Изработи: Меланија Андова 1-а клас и Сара Сапасева 1-а клас | Проф. Методија Бузалковски | 22.10.2024 |
| **Математичка логика**<br>Изготвена презентација од ученикот: Матеј Давинчев 2-а клас | Проф. Горан Цветановски | 25.12.2024 |
| **Нуклерани горива и производство на атомска енергија**;<br>Меланија Андова 1-а клас | Проф. Методија Бузалковски | 21.02.2025 |
| **Лиенеарни равенки**<br>Изготвена презентација од ученикот: Стефан Петровски 2-а клас | Проф. Горан Цветановски | 14.03.2025 |
| **Езерски и планински туризам во Р. С. Македонија**<br>Јована Димковска 1-б клас | Проф. Методија Бузалковски | 18.04.2025 |
| **Квадратни функции**<br>Изготвена презентација од ученикот: Никола Неделков 2-а клас | Проф. Горан Цветановски | 16.05.2025 |

**Активот на Природно- Математичките Групи на Предмети** учествуваше на ученички натпревари и тоа:

- 06.02.2025 општински натпревар по географија на кој зема учество Марија Нојкова од 2б клас под ментрорство на наставникот Методија Бузалковски и освои прво место со максимални 100 поени;
- 07.03.2025 регонален натпревар по географија на кој учествуваше исто Марија Нојкова од 1б клас под ментрорство на наставникот Методија Бузалковски иосвои прво место со 83 поени

**Претседател на актив**
**Горан Цветановски**

## П-8 Извештај за реализација на екскурзиите

### Извештај од реализирани ученички екскурзии во учебната 2024/2025 година

Согласно интересот од страна на учениците оваа учебна се реализираше ексурзија за прва година, втора ,а за трета и четврта година се реализираше заедничка ексурзија.

**Извештај за реализирана ексурзија за прва година:**

На ден 30.05.2025 година во 7:30 часот учениците од прва година при ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес заминаа на еднодневна научно - наставна екскурзија со цел поблиску да се запознаат со културното и духовното наследство на нашата земја. На екскурзијата беа 28 ученици во придружба на професорите, класни раководители од прва година: Соња Савевска, Радмила Андовска, Милка Петровски и Горан Цветановски. Со групата беше испратен и водич од компанијата Тео-Турс која ја реализираше екскурзијата, а исто така беше обезбедено и присуство на лекар. Од Велес учениците со професорите се упатија кон Вруток со цел да се посетат изворите на реката Вардар. Беше посетено местото Вруток, ги разгледаа убавините на изворите и уживаа во убавините на  прекрасната природа. Потоа групата се упати кон Тетово со цел да се посети Шарената Џамија, вистинскиот бисер на исламската уметност и култура. Учениците влегоа во џамијата, имаа можност да ја разгледаат и притоа прочитаа текст за историјата на џамијата кој беше поставен на самиот влез. Наредна дестинација беше Трговскиот центар „Палма Мол“ во Тетово каде учениците прошетаа и пазаруваа според соствените потреби.

Патувањето продолжи кон Манастирот „Св.Атанасиј“ во Лешок каде учениците имаа организиран ручек, а потоа уживаа во мирот, тишината и прекрасната природа. Имаа можност да го разгледаат убаво манастирот, дворот, продавницата со сувенири и да се запознаат со неговата богата историја која трае повеќе од илјада години. Откако се заврши со посетата на  Лешочкиот манастир, учениците и професорите се упатија преку градот Скопје, кон Велес. Попатно се направи пауза,  со посета на слаткарницата „ Шарлота “ каде учениците убавата екскурзија ја завршија со убав колач или сладолед по сопствен избор. Екскурзијата беше успешно реализирана со тоа што беа посетени сите места кои беа предвидени во планот за реализација на истата. Учениците пристигнаа во Велес во 18.30  часот.

Одговорни наставници:Соња Савевска – раководител на екскурзијата, Радмила Андовска, Милка Петровски и Горан Цветановски.

**Извештај за реализирана ексурзија за втора година:**

На 04 и 05 мај – недела и понеделник, 2025 година беше изведена дводневна екскурзија за учениците од втора година од ОСУ,,Јовче Тесличков“ Велес. Екскурзијата се изведе со 26 ученици и двајца наставници, еден лекар и еден водич, од агенцијата Тео-Турс која ја реализираше екскурзијата, Локации за посета и правци на патување Правци на патување: Велес –Струга– Вевчани – Охрид – Битола – Велес. Прв ден Поаѓање беше од Велес, на паркингот пред маркетот Кит-го, во 7.00 часот. . Околу пладне стигнавме во посета на Струга и Црн Дрим. Потоа се упативме кон Вевчани и Вевчанските извори, каде следеше и ручек во Вевчани. Доцна попладнето пристигнавме во Охрид и се сместивме во хотел ,,Мизо“ во Охрид. После вечерата во хотелот, учениците беа на прошетка во разгледување на убавините и културно историските споменици во Охрид. Втор ден Појадок во хотелот во Охрид и напуштање на собите. Се упативме кон Свети Наум, и попатно го посетивме Музејот на коските . До 14 часот го разгледувавме и уживавме во убавините на Свети Наум. Околу 14.00 часот тргнавме кон Битола. Следеше

посета и разглед на Битола и прошетка низ Широк сокак. Во 17.00 часот ја напуштивме Битола. Пристигнувањето во Велес беше околу 19.30 часот. Екскурзијата беше успешно реализирана со тоа што беа посетени сите места кои беа предвидени во планот за реализација на истата..
При посетата на овие локалитети, учениците преку предавања од страна на стручни лица се запознаа со природните, историските, географските и културните одлики во овој регион што придонесе за збогатување на знаењата на учениците, негување на традицијата и запознавање на природните богатсва на нашата земја. Одговорни наставници: Антонио Пановски – раководител на екскурзијата и Љупчо Петров.

**Извештај за реализирана ексурзија за трета и четврта година:**

Научно– наставната екскурзија за учениците од трета и четврта година се реализираше на релација Велес – Лидо ди Јесоло – Венеција – Верона – Лаго ди Гарди –Фиренца – Љубљана – Белград - Велес. Истата се изведе во временскиот период од 18.05. до 23.05.2025 година преку туристичката агенција „ Мартин “ која имаше ангажирано еден свој вработен водич и лекар.
Поаѓањето на групата започна на 18.05.2025 г. во предпладневните часови, преку Србија, Хрватска и Словенија , со ноќно возење , попатни одмори и царински формалности.
На 19.05. екскурзијантите се упатија кон Италија, односно Лидо ди Јесоло патувањето продолжи кон Венеција , позната како „ град на каналите”. Таму ни се придружи локален водич. Беше реализирана прошетка низ „Заспаната убавица од средниот век” , плоштадот и црквата Сан Марко, мостот на воздишките, Дуждевата палата , каналот Гранде, мостот Риалто.Имавме слободно време за разглед и прошетка, а вечерта се сместивме во хотел „ Атене “ во Лидо ди Лесоло.
Наредниот ден ја посетивме Верона градот на Ромео и Јулија. Имавме разглед на плоштадот во близина на Арената, прошетка по познатата улица Mazzini која низ центарот води директно до плоштадот Ербе. Разглед на плоштадот каде се наоѓа статуата на Данте ,а потоа се упативне кон дворот на куќата на Јулија. Имавме слободно време за разглед и прошетка. Од Верона се упативме кон Сирмионе стариот утврден град на езерото Лаго ди Гарда.
Четвртиот ден ја посетивме Фиренца каде со локален водич ги разгледавме Црквата Санте Кроче, Дуомото Санта Марија дел Фјоре, Крстилницата Сан Џовани, плоштадот Сињори... слободно време за разглед и прошетка.
Следниот ден се одјавивме од хотелот и патувањето продолжи кон еден од најголемите шопинг центри Палма Нова каде имавме слободно време за прошетка ишопинг. Попладнето продолживме со разглед на Љубљана. После ноќното патување го разгледавме Белград , Кнез Михајлова, Калемегдан , Белград на вода и Галерија. Во Велес пристигнавме попладнето.
Одговорни наставници: Македонка Миланова – раководител на екскурзијата и Нада Јованова.

## П-9 Извештај за професионален развој на наставниците

Современите текови на образованието ги следиме преку континуиран професионален развој на наставниот кадар. Развојот на техниката и технологијата допираат и во образованието и тоа нужно ја менува својата форма на едукација на учениците. Се формираат нови наставни програми, измени и дополнувања на Законот за средно образование, токму затоа наставниците вложуваат во личната и професионална надградба, усовршување и напредување.

- ✓ 20–22.11.2024 хотел ,„Инекс Олгица“ во Охрид професорката Маја Талеска Панова учествуваше на работилница организирана од Националната агенција за европски програми и мобилност на тема: „Тематска обука за подигнување на свеста за Центрите за извонредност во стручното образование и обука”. Оваа обука беше реализирана со цел да ги поттикнат стручните училишта да се стремат кон извонредност што подразбира висококвалитетно образование и обука релевантно за потребите на пазарот на трудот, со иновативен пристап кон наставата, соработка со бизнис-секторот и поддршка на личниот и професионалниот развој на учениците;
- ✓ Преку проектот “Подобрување на квалитетот на образованието“, спроведен од МОН, а реализиран од страна на GOPA Worldwide Consultants, во периодот од август до октомври 2024 година, вработените наставници, стручни сработници и директор од училиштето учествуваа на онлајн обуки наменети за наставници, стручни сработници и директори. Обуките беа на следниве теми:
    - Тренинг 1: Вештини за дигитална писменост како клучна компетентност на наставниците - 2 учесници;
    - Тренинг 2: Обука за обучувачи за развој на дигитални материјали за учење - 4 учесници;
    - Тренинг 3: Инклузивна педагогија -12 учесници;
    - Тренинг 4: Обука на обучувачи за методи на поучување за активирање на учениците, формативно оценување, поддржувачка и инклузивна средина за учење и самооценување и меѓусебно оценување на наставниците – 3 учесници;
    - Тренинг 5: Обука на обучувачи за методи на поучување за активирање на учениците, формативно оценување, поддржувачка и инклузивна средина за учење и самооценување и меѓусебно оценување на наставниците - 20 учесници;
    - Тренинг 6: Вештини за дигитална писменост во училницата – 12 учесници;
    - Тренинг 7: Имплементација на Националните стандарди за дигитални постигања на учениците во средно образование - 3 учесници;
    - Тренинг 8: Вештини за дигитална писменост во училницата – напреден – учесници;
    - Тренинг 9: Обука за наставници и стручни соработници, за работа со ученици со посебни потреби во стручните училишта, а според ревидирани наставни програми (само за стручни училишта) – 4 учесници;

  Наставниците според нивните потреби ги бираа и следеа соодветните тренинзи, наставникот по информатика Антонио Пановски беше одговорен за технича поддршка, а координатор за обуки беше наставникот Радмила Андовска;
- ✓ 21.10.2024 – Психологот Катерина Ефремова, учествуваше на обука организирана од Здружението за дислексија Ајнштајн на тема „Невидливи предизвици, видливи решенија: практична поддршка за учениците со дислексија“;
- ✓ 25-26.10.2024 год. проф. Милка Петровски и училишниот педагог Билјана Коџабашиева беа дел од обуката во рамки на проектот,, Промоција на безбедна училишна средина".Обуката беше реализирана во хотел ,,Континентал”Скопје;

- ✓ 17.12.2024 год.- Во рамки на проектот ,,Промоција на безбедна училишна средина" дел од нашите наставници и стручни соработници го следеа онлајн ЕдуЛаб вебинарот „Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство-примери на добри пракси";
- ✓ 12–14.02.2025 – учество на Обука за Ментално здравје,под организација на Прва Детска Амбасада МЕЃАШИ ,земаа нашите професори Нада Јованова и Милка Петровски;
- ✓ 25 – 27.03.2025 – Училишниот педагог Билјана Коцабашиева беше дел од Обуката за унапредување на капацитетите на стручните служби во училиштата,која се реализираше во Хотел „Романтик" Велес;
- ✓ Во текот на месец Април дел од предметните наставници следеа курс за Примена на ИКТ алатки во секојдневната настава – основно и напредно ниво;
- ✓ 07–10.05.2025 - Присуство на предметниот наставник Радмила Андовска и училишниот педагог Билјана Коцабашиева на Основен тренинг за градење мир и мировно образование, што се реализираше во рамките на Програмата за мировно образование, во хотел Скардус, Тетово. Оваа активност е во согласност со обновениот Меморандум за соработка помеѓу Детската амбасада МЕЃАШИ и Министерството за образование и наука (МОН).

## П-10 Извештај за јавна и културна дејност 2024/2025

Септември 2024

- **08.09.2024** – По повод **Денот на независноста**, учениците се запознаа со значењето на празникот преку читање на соодветно подготвен реферат.
- **21.09.2024** – На **Меѓународниот ден на мирот**, ученици и наставници од училиштето зедоа учество во **мировниот марш** организиран во градот.

Октомври 2024

- **11.10.2024** – По повод **Денот на народното востание**, беше презентиран реферат за историското значење на празникот.
- **27.10.2024** – Ученици од 3а и 2б клас, заедно со проф. Жаклина И. Зафирчева, ја посетија **изложбата по повод 85 години од издавањето на „Бели мугри“** во Локалната библиотека „Гоце Делчев“ – Велес.
- **31.10.2024** – По повод **Патрониот празник на ОСУ „Јовче Тесличков“**, се одржа:
  - ✓ **Драмска претстава „Младост – лудост“** во салата на Општина Велес, во изведба на драмската секција под менторство на проф. Жаклина Ивановска Зафирчева;
  - ✓ **Дебата на англиски јазик** под водство на проф. Рената Софијанова Николова и проф. Марија Левкова Куновска.

Ноември 2024

- **08.11.2024** – Ученичката **Марија Бошевска** (3а клас) освои **трето место** на литературниот конкурс на ССОУ „Димитрија Чуповски“ – Велес, под менторство на проф. Жаклина И. Зафирчева.

Февруари 2025

- **12.02.2025** – По повод **Св. Валентин**, беше организиран:
  - ✓ **Квиз и игра на англиски јазик**, подготвени од проф. Рената Софијанова Николова и Марија Левкова Куновска;
  - ✓ Настан во организација на Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“ – Велес, со учество на ученици и професори. Наши претставници беа учениците **Марија Бошевска и Марија Нојкова** и проф. Жаклина Зафирчева.

Март 2025

- **06.03.2025** – На литературниот конкурс на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ и Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“ по повод **8 Март**, ученичката **Марија Бошевска** освои **второ место** (ментор: проф. Ж. Зафирчева).

- **07.03.2025** – По повод **8 Март**, нашите ученици учествуваа во **осмомартовскиот марш** под мотото „Поттикни акција“, организиран од Општина Велес.
- **15.03.2025** – Нашите ученички **Марија Ивановска, Марија Ќириќ и Викторија Јовановска** се пласираа на **регионален натпревар** по англиски јазик, организиран од ЕЛТАМ. Ментори: проф. Рената Софијанова Николова и Марија Левкова Куновска.
- **21.03.2025** – Учениците **Марија Бошевска и Марија Нојкова**, под менторство на проф. Жаклина И. Зафирчева, читаа свои лични творби на **настанот по повод Светскиот ден на поезијата**, во организација на Локалната библиотека „Гоце Делчев“ и Клубот на писатели „Коста Солев Рацин“.

Април 2025

- **12.04.2025** – Нашите ученички успешно се **пласираа на државниот натпревар** по англиски јазик.
- Учениците **Марија Нојкова и Теа Стојанова**, под менторство на проф. Ж. Зафирчева, учествуваа во **поетска промоција** на дела од Божидар Јовиќ.
- **25.04.2025** – Во просториите на Општина Велес, ученикот **Марко Варналиев** учествуваше со своја **предлог-програма** како кандидат за член на Локалниот младински совет. По презентацијата и гласањето, избран е за **еден од 7 члена** на Советот.

Мај 2025

- **10.05.2025** – На **државниот натпревар по англиски јазик**, ученичката **Марија Ивановска** освои **второ место**, а **Марија Ќириќ – трето место**, под менторство на проф. Рената Софијанова Николова.
- **21.05.2025** – Учесници на **ораторскиот натпревар** „ЗБОР СО КОРЕН, ГЛАС СО СИЛА!“ беа учениците **Мерве Исмаилова (2. место), Марко Варналиев и Суаде Јусуфи**, под менторство на проф. Милка Петровски.

Јуни 2025

- **Во рамките на 57. Детски Рацинови средби** – Ученици, заедно со проф. Жаклина Зафирчева, ја посетија **Спомен-куќата на Коста Солев Рацин**.
- **21.05.2025** – Учесници на ораторскиот натпревар „**ЗБОР СО КОРЕН, ГЛАС СО СИЛА!**“ беа учениците **Мерве Исмаилова (2. место),** Марко Варналиев и Суаде Јусуфи, под менторство на проф. Милка Петровски.

## П-11 Извештај од реализација на Програмата за советување на родители

Во согласност со законските одредби, и во учебната 2024/2025 година беше спроведена **Програмата за советување на родители**, со цел унапредување на соработката помеѓу училиштето и семејствата на учениците.

### Целна група на советување:

Советувањата беа насочени кон родители на ученици кои беа идентификувани според следните критериуми:

- Ученици со слаб успех (три или повеќе слаби оценки);
- Ученици со нередовна посетеност на наставата (десет или повеќе неоправдани изостаноци, или сто и повеќе оправдани);
- Ученици со чести конфликти или деструктивно однесување за време на наставата.

### Организација и реализација:

Програмата се реализираше во текот на целата учебна година, во координација помеѓу **класните раководители и психологот**. Поради оправдано отсуство на психологот во одредени периоди, дел од советувањата беа спроведени со вклученост на **педагогот**.

Советувањата беа организирани по претходен договор помеѓу класните раководители и стручната служба (психолог/педагог), при што:

- Беа испраќани навремени и уредно формулирани покани до родителите;
- Средбите се реализираа во два термина, со времетраење од 30 до 60 минути;
- За секое советување се водеше **записник**, кој го евидентираше содржинскиот тек и заклучоците од разговорите.

Во текот на советувањата беше воспоставена активна интеракција со родителите, а самиот процес беше насочен кон заедничко согледување на предизвиците и изнаоѓање конструктивни решенија.

### Евалуација и ефекти:

Реализацијата на Програмата се покажа како **успешна и ефективна**, со оглед на тоа што кај значителен број ученици беше забележано подобрување во однесувањето и пристапот кон наставата. Родителите ја прифатија иницијативата како корисна и поддржувачка, што дополнително придонесе за создавање на подобра училишна клима и поефикасна комуникација меѓу семејството и училиштето.

**Психолог**
**Катерина Ефремова**

**Педагог**
**Билјана Коџабашиева**

## П-12 Извештај од реализираните активности во рамките на уписната политика

Во периодот април – мај 2024 година, наставниот кадар на ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес, работеше тимски на изработка и имплементација на промотивни активности во рамки на уписната политика. Тимовите изготвија промотивен материјал кој вклучуваше текстуални содржини, фотографии, мултимедијална презентација и промотивно видео со цел афирмација на училиштето пред учениците од завршните одделенија во основните училишта. Активностите беа насочени кон основните училишта во општините: Велес, Чашка, Градско, Свети Николе и Неготино.

Училиштето беше промовирано и преку официјалната веб-страница, како и преку социјалните мрежи Facebook и Instagram, каде беа објавени информации за образовните профили и придобивките кои ги нуди училиштето. За секое основно училиште беше формиран тим од наставници задолжен за спроведување на директни презентации пред деветоодделенците, со цел да се обезбеди информираност и заинтересираност за запишување.

Во рамките на промотивните активности, покрај теренските презентации, беше организиран и Отворен ден, на кој учениците од завршните одделенија имаа можност директно да се запознаат со условите за учење, наставните профили кои ќе се реализираат во прва година во учебната 2024/2025 година, како и со наставниците и опремата со која располага училиштето.

Покрај презентациите кои беа извршени во основните училишта, во рамките на промотивните активности се одржа отворен ден на кој се презентираа пред деветооделенците, профилите кои ќе се изучуваат во прва година во учебната 2025/2026 година.

## П-13 Извештај од спроведена државна матура и завршен испит за учебната 2024/2025

Вкупно 15 редовно запишани ученици во четиригодишно образование, како и 14 ученици од тригодишното образование беа дел од полагањето на испитите кои се завршен дел на средното образованието. Од редовните ученици со четиригодишно образование, 11 ученици избраа да полагаат државна матура, а останатите 4 ученици одлучија да полагаат завршен испит.

Од вонредните ученици, двајца ученици пријавија и полагаа испити од државна матура, а четворица ученици полагаа завршен испит. Државната матура ја положија 10 редовни ученици  и 2 вонредни, а 1 ученик кои не ја положи државната матура,поднесе барање за трансформација и издавање на диплома за завршен испит.

Од 4 редовни ученици кои пријавија завршен испит, 3 положија,а еден упатен на поправен испит .

Во однос на учениците од тригодишниот профил, 14 редовни ученици и еден вонреден го пријавија завршниот испит, 10 целосно го положија завршниот испит,еден не се јави да полага завршен испит и тројца ученици одат на поправен испит,од кои двајца веќе се пријавија за вонредни ученици,а еден ученик дополнително треба да се запише како вонреден.

**Директор**
**м-р Васко Трајковски**

**Претседател на Училишен одбор**
**Антонио Паковски**